УНИВЕРЗИТЕТ “СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ”

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР

Магистерски студии по безбедност

МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ТЕМА :

ВЛИЈАНИЕТО НА ОРГАНИЗАЦИОНАТА ПОСТАВЕНОСТ И ФУНКЦНИОНИРАЊЕ НА ВОЕНИТЕ РАЗНУЗНУВАЊА НА ЗЕМЈИТЕ ЧЛЕНКИ НА НАТО ЗА УСПЕШНО ВОДЕЊЕ НА БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ

Ментор:

Проф.д-р Митко Котовчевски

Изработил:

НурханИсманиСејдини

Број на индекс:4414/1214

Скопје, 2019 година

СОДРЖИНА

ВОВЕД

Извадок од книгата The Art of War (Уметност на војувањето) од Сун Цу , „Тоа што му овозможува на паметен владател и добар генерал да нападне и освои, да достигне каде што обичниот човек не може, е пред - знаењето. Ова пред - знаење неможе да се стекне со искуство ниту преку дедуктивната калкулација на една личност. Одбраната и подготвеноста на еден владател и неговата војска може да се добие само од луѓето. Овие луѓе се наречени шпиуни.“[1]

Од времето на овој голем мислител и воен стратег работите во светот се видно сменети, но начинот на собирање на информациите во глобални рамки останува ист, единствено нешто што е сменето е технологијата и нејзината употреба за собирање и обработка на информациите.

Военото разузнување или MI (Military intelligence) е дисциплина фокусирана на собирање, анализа, заштита и дисеминација на информациите било на стратешко ниво (планирање на национална стратегија), оперативно (операции од голем домет со цел да се оневозможат воените капацитети на противник) или тактичко(помали операции до средни на бојното поле) ниво, новото ниво или сеопфатното разузнување е делот кој што се занимава со сите останати промени за време на собирањето на информации, како промена во однос на терористички напади, можност од одреден вид на закана, пополнување на непознати информации или информации за кои што не може да се дојде со останатите нивоа на разузнување. Овде се вклучени информации за непријателот, теренот,

[1] The art of War – Sun Tzu – Chapter 13 The use of Spies

временската прогноза во зоната на операции или зоната на интерес, воедно и информации за воено-политички одлуки, воени намери или дисиденти. Разузнувачките активности се извршуваат како за време на војна така и за време на мир.

Како што државите стануваат се поорганизирани, така и самата војска и нејзините разузнувачки системи, се развиваат во комплексни и мулти-таскинг организации од денешницата. Технолошките достигнувања како што се радиото допринесоа до развој во области како што е криптографијата, како и до многи поразвиени технологии за пресретнување и декриптографија на пораките. Военото разузнување има создадено многу нови и светски технологии. Познато е дека првата светска компјутерска мрежа не е деншниот интернет, тука мрежа на компјутери поврзани со станици за набљудување и прислушкување.

Разузнувачкиот процес се одвива на четири нивоа стратешко, оперативно, тактичко и сеопфатно, сите четири подеднакво придонесуваат одлуките да бидат донесени на најефективен можен начин. Стратешкото разузнување се користи за да се формулираат стратегии на национално и меѓународно ниво, и се занимава со економските, воените капацитети на странските држави, и политичката свест. Оперативното ниво се занимава со специфични објективи и ситуации на бојното поле, Тактичкото разузнување се спушта на ниво трупите добиваат информации од терен „чизми на терен“. Сеопфтатното разузнување ги опфаќа сегменитите на непознати ситуации, асиметрични закани, тероризам, пролиферација и употреба на ОМУ итн... Овие четири видови на разузнување содржат ист вид на информации, се разликуваат само во условите и опсегот на делување.

Големиот број на информации што Военото разузнување го собира се од јавен карактер. Популацијата, етничката припадност, главната индустрија во одреден регион се само примери на информации од јавен карактер што ги собира военот разузнување, а се од голема воено – стратешка важност. Воените бродови, нивната носивост, капацитети, дострел на пловидба, видови на воени борбени и транспортни авиони со сето тоа што го имаат како свои капацитет, понекогаш дури и видовите на вооружување кои ги поседуваат или можат да ги поседуваат многу често се информации од јавен карактер и преку одредена анализа преку експерти и познавачи може многу лесно да се дојде до носивоста, домет и брзината, преку споредба на слики и видео записи. Многу воени разузнувачки агенции во светот следат локални радио и телевизиски станици, или одредени весници и списаниа. Многу воени разузнувачки агенции низ светот имаат или подржуваат групи за собирање или производство на мапи и карти, бидејќи мапите и картите исто така имаат важна цивилна улога, често пати овие групи се асоцирани или идентификувани како други делови од владата. Одредени историско-разузнувачки агенции, особено во Кина и во Русија имаат избришано или ставено лажни позиции и информации на јавните мапи и карти. Како прилог на собирањето на јавни информации, ВР (понатаму Воено Разузнување) има развиено посебни техники и опрема за собирање на информации. Сателитски или авио снимки се преработуваат и интерпретираат од специјални програми и фотоинтерпретери со цел да се следи снабдувањето со муниција и воена опрема во одредени земји во светот, како и следење на одредени рути и начини на транспорт на воена опрема и муниција ширум светот. ВР врши мониторирање на

сите видови на трансмисии, радио, микробранови, телеграфски, телефонски, интернет или воопошто телекомоуникациските средства, преку шпиунски програми и инсталирани на веб сајтови, преку физичко приклучување на земјените линии, сето ова се преработува и класифицира од страна на високо комплексни компјутерски системи кои што ги забележуваат и отркиваат природниот јазик и телефонските броеви кои се користат во секојдневната комуникација, со цел да предвидат или спречат одредена личност или група во нивните цели и намери. Додатно многу дипломати и странски представници се озвучуваат се со цел да се дојде до витални информации. Освен овие воени достигнувања, најважната компонента на ВР останува човечкиот фактор, шпиуните кои што собираат информации помеѓу населението. Успешно се инфилтрираат во групации и организации, често успеваат да стигнат до највисоките позиции во самите организации, да станат дури и советници и десна рака на лидерите во државите па на тој начин имаат директни информации за нивните мотивации, нивните цели, капацитети, дури и самиот процес на размислување и донесување одлуки. Во одредени случаеви истите преку своите работни позиции добиваат витални информации, па и се поставени на влијателни функции и должности во институциите на системот. Честопати се користат новинари и државници на разни нивоа за собирање на информации, добрите новинари без пристап до класифицирани информации можат да направат добра анализа на воено-политичките збиднувања во една држава или регион.

Имањето на информацијата не е доволна сама по себе, истата треба да се провери и да се верификува дали е точна и дали е целосна, бидејќи голем дел од

информациите се нецелосни. Контра-разузнувањето ја следи дисеминацијата на информации и често вметнува дезинформации за да го збуни непријателот. Најдобар пример е „Студената Војна“ во која што САД и СССР преку нивните агенции со употреба на новинари и новински агенции давале „ексклузивни“ фалсификувани документи и информации.

Кога една информација е потврдена, се преоѓа на употреба на таа информација за откривање на капацитетите и слабостите на непријателот. Во многу случаеви одредени капацитети на непијателот се прегледуваат во одредени периоди од денот, неделата, месецот, годината. Критичните информации кои што се чуваат при рака, како за време на студената војна, нуклеарниот капацитет на СССР од страна на САД биле контролирани 24/7 нон стоп од страв за нивна употреба. Додека не толку критичните информации како магацините за оружје и муниција на неколку дена. Неделно биле проверувани количните на нафта и муниција за тенковите со цел да се знае приближната бројка со која што непријателот располага, и дали се спрема за движење и акција.

Добрите разузнувачки офицери не кројат планови за акција, туку го советуваат командирот, давајќи му ги потребните информации за непријателот во вистинско време, со цел воените лидери да можат да донесат одлука која што е базирана на точни информации. Најважно е количината и квалитетот на информациите што се дадени носат воени одлуки кои што можат да бидат одлични или со катастрофални исходи и последици.

Од крајот на студената војна меѓународниот поредок е видно изменет. Спротивставувањето помеѓу двата блока по завршувањето на Студената Војна е

заменет со повеќе комплексни и непредвидливи меѓународни односи. Брзорастечките економски трендови, нови светските пазари, нови технолошки трендови особено во делот на комуникациите ги зајакнаа врските меѓу поединците, бизнис партнерите општествата и економиите. Движењето и патувањето е побрзо и поевтино повеќе од било кога, размената на идеи и капитал низ светот се случуваат многу брзо и разликата и растојанието помеѓу луѓето и настаните стануваат се помалку релевантни. Сите овие позитивни процеси и промени создаваат нови можности за просперитет на економиите и општествата, но исто така создаваат и нови безбедносни предизвици. Динамиката на промените во светот го диктираат технолошките достигнувања, колку земјата е економски по развиена толку технологијата е понапредна, со тоа и начинот на разузнување односно собирање на информации е се потежок процес ако се има во предвид дека сомнежот за одредени интереси секогаш паѓа на економски неразвиените и слабо развиени земји кои пројавуваат одредени интереси кон одредени помоќни држави. Во денешно време имаме мултинационални компании кои сопствената моќ и влијание во одредена сфера ја користат во нивна полза па на тој начин контролираат одредена група на моќници во државата и се секогаш чекор понапред од нивните конкуренти ширум светот. Вработуваат бивши припадници на оружените сили специјализирани во разузнување се со цел истите да работат на собирање на информации во реално време и нивна полесна обработка и дисеминација до крајните корисници.

Нашето истражување ќе се задржи на обработка и анализа на воените разузнувања членки на НАТО како и земјите членки на Партнерството за Мир, ќе

започнеме со мал вовед во историјата на Разузнувањето како процес и алатка за собирање на податоци. Ќе поминеме низ нивоата на разузнување, разузнувачкиот циклус и разузнувачките дисциплини. Ќе навлеземе во разузнувачките заедници на НАТО земјите и Русија и Кина , а од нив ќе ги обработиме воените разузнувачки агенци. Во дел од нашето истражување ќе посветиме внимание на организационата поставеност на военото разузнување во НАТО, и за крај ќе ги разгледаме принципот на функционирање на воените разузнувања во мировните мисии на НАТО како и нивниот придонес во борбата против тероризмот.

ГЛАВА I

Историскиот преглед на почетоците и развојот на Воено разузнување во државите членки на НАТО, во периодот од студената војна, терористичките напади 11 - септември и периодот до сега.

Првите обиди за собирање на ифнормации од тактичка важност може да се каже дека се стари колку што е стара и самата **војна**. Шпионирањето е спомнато во Илијадата на Хомер и во самата Библија, Римјаните имаа мрежа од шпиуни и амбасади преку кои собираат важни информации за окружувањето, политичко – социјални информации за државите и народите околу себе. Првите теоретски истражувања и списи се направени околу 500 година пред нашата ера во Кина, а првите извидувачки одреди за собирање информации биле употребувани од времето на Александар Македонски 340 пред нашата ера, Ханибал од Картагена 200 година пред нашата ера.

Во САД, додека шпиунажата и собирањето на информации најмногу се одвивало за време на Американската револуција и Американската цивилна војна, во тој период немало Агенција која била поврзана за военото разузнување се до 1917 година, наречена MIS (Military Intelligence Section – Секција за воено разузнување), на почетокот почнала со 2 офицери и 3 цивили за да во времето на првата светска војна во своите редови брои 282 офицери и 982 цивили. MIS произведувало дневни и неделни известувања за воени, политички, економски информации, до претпоставените високо рангирани офицери, политичари, началникот на генералштаб, државниот секретар и самиот претседател на САД.

За да стигнеме до денешните агенции како НСА, ЦИА, ДИА. Военото разузнувачката агенција DIA(Defence Intelligence Agency) има под себе и други агенции и служби кои се состав на вооружените сили на САД, истата добива поддршка од другите државни и владини агенции за заштита на вооружените сили и добивање на информации за како што викаат „Boots on ground“ - Чизмите на земја.

Во Обединетото Кралство постојат повеќе различни агенции кои што работат на собирање на воено разузнувачки информации SIS(Secret Intelligence Service), DIS (Defence Intelligence Staff), SIS се нарекува и по нејзиното старо име MI6 (Military Intelligence 6) кое што започнало да функционира како дел од Secret Service Bureau (Тајната Служба) бо 1909 година, задолжена да разузнувачки операции надвор од државата, после првата светска војна се одделува од Тајната Служба и почнува да делува понатаму самостојно како SIS. Security Service (безбедносната служба) подобро позната како MI5 (Military Intelligence 5) исто така претходно дел од Secret Service Bureau (тајната служба) била наменета за домашно разузнување. Во почетоткот на двадесетите години овие служби се занимавале со дриверзии и шпиунажа на Советскиот Сојуз. После Студената Војна, фокусот на разузнувачките служби на Обединетото Кралство се сменети во против – терористичко делување и собирање на информации за терористички организации и криминогени елементи во и надвор од Обединетото Кралство. Во 1964 година е создадена DIS(Denfence Intelligence Staff) како дел од министерството за одбрана, за да ги спои одделените воени и цивилни служби во

една. Примарна цел на DIS е да собере, обработи, и десиминира информации витални до вооружените сили и до луѓето што носат одлуки.

Како и сите останати земји членки на НАТО така и Франција има свои воено разузнувачки агенции и служби, уште од времето на Наполеон преку шпиунажи и собирање на информации за Руското Царство и останатите држави и кралства, се до модерната ера. Во првата половина од двадесетиот век во првата светска војна Франција има една од најорганизираните разузнувачки служби во светот ако не и најорганизираната од сите. Во склоп на вооружените сили на Франција постојат Воено разузнувачки дивизии во секоја од браншите(Пешадија, Авијација и Морнарица) и како дел од министерството за одбрана, сите тие се координирани и контролирани од SGDN (National Defense General Secretariat – Национален Секретаријат за Народна Одбрана). DSGE (Directorate for External Security – Директорат за Надворешна Безбедност) агенција под закрило на Министерството за Одбрана е создадена со спојување на разно разни агенции после Втората Светска Војна и е одговорна за воено разузнување, стратешки информации, електронски разузнување и контра-шпиунажа. Додека DPSD (Directorate for Defense Protection and Securit – Директорат за Одбранбена Заштита и Безбедност) примарна цел на оваа агенција се военото контра-разузнување и останати воено безбедносни проблеми. BRGE (Intelligence and Electronic Warfare Brigade – Бригада за Електронско Извиднување и Разузнување) е создадена во 1993 и најмногу се занимава со SIGINT(Signal Inetelligence – Сигнално Разузнување) и раководи до многу станици за мониторирање. Во Советскиот сојуз најпозната агенција за разузнување и контра-разузнување била

КГБ, но постоело и посебно воено разузнување таканаречената ГРУ (или 2 секција во Генералштабот на Руската Војска), одговорна за разузнувачки информации од сите непријателски настроени воени формации против Советскиот Сојуз, денеска КГБ се дели на два дела и тоа СВР и ФСБ, додека ГРУ останува сеуште иста но со многу поголема автономија и поголем буџет.

Военото разузнување има големо влијаније и значење во светската историја, поради неговото постоење доаѓа до огромен развој во доменот на технологијата во светски рамки, бидејќи собирањето на информациите било тие целосни и точни или нецелосни и неточни во голема мера влијаат во исходот на битките и војните во целост. Без притисокот за што подобро собирање информации и пресретнување на комуникациите денеска во светот не би ја имале телекомуникациската технологија што постои, сето тоа благодарение на военото разузнување. После 11 Септември 2001 година светот на разузнувањето ќе се смени драстично, како во начинот на функционирање така и во својата поставеност, слободата која до тогаш ја имаа агенциите и службите ќе паднат под контроли и контраверзии за својата работа како од домашната така и од светската јавност, тоа особено може да се види во последните скандали што излегоа со Едвард Сноуден – бивш воен разузнувач на воената морнарица на САД за скандалозните прислушкувања на многу светски лидери и дипломати од страна на NSA (Националната Агенција Безбедност) и WikiLeaks – он лајн страна создадена од Џулиен Асанж – хакер кој прикажува многу документи и дописи помеѓу многуте дипломатски преставништва, воени пораки и информации од војната во Виетнам до ден денеска.

Денеска актуелни се обвинувањата против првиот човек во кампањата на денешниот претседател на САД Доналд Трумп, за корупција и перење на пари како и соработка со стурктури на Руските – разузнувачки служби, првиот човек на предсетателот на САД за безбедносни прашања – неговиот советник за безбедност исто така вмешан директно со Руски разузнувачки служби. Во сите овие случаи се работи за ГРУ – Руското воено разузнување (овие две горенаведени стории сеуште се актуелни во медиумите и допрва следуваат постапки против заинтересираните лица.).

ГЛАВА II

Разузнување - неговите клучни елементи (нивоа на разузнувачки операции, разузнувачкиот циклус, разузнувачки дисциплини).

Голем број на дефиниции го дефинираат разунувањето на разни начини, но ние ќе се обидеме преку повеќе толкувања да ја доловиме идејата за што тоа е разузнувањето, кои се основните поими на разузунувањето и неговите основни карактеристики.

Военото разузнување како целост представува комплексен процес на собирање на информации, нивна обработка, анализа и експлоатација во рамките на безбедносно разузнувачките структури.

Информацијата сама по себе представува податок кој што не е обработен и може да се користи во секаков контекст и во разузнувачки цели. Разузнувачкиот циклус представува процес преку кои се добиваат инфрмациите кои се трансформираат (преобразуваат) во финален разузнувачки материјал(производ) приспособен за крајните корисници. Разунувачкиот циклус претставува мошне динамичен цикличен процес кој никогаш не завршува, односно секогаш крајот на еден циклус представува почеток на друг циклус. Основната цел на разузнувачкиот циклус е континуирано да обезбедува знаење кое треба да го намали изненадувањето на државата и нацијата, односно да го намали ризикот преку целосен и јасен увид во сложените променливи ситуации.

II.1 Разузнувачки Циклус

Во суштина разузнувачкиот циклус опфаќа неколку основни фази:

- Планирање и насочување
- Собирање на податоци
- Обработка на податоците и нивно користење
- Анализа на производството
- Доставување (распределба на крајните корисници)

Различни разузнувачки служби различно го разгледуваат овој процес, односно имаат различен број (поголем или помал) на фази при неговото конципирање и реализација. Исто така, некои фази суштински се разликуваат и аналогно на тоа имаат различни називи во кои доминираат елементите поврзани со препознавање и идентификација на заканите како и нивно повторно проценување [2].

Разузнувачкиот цилус е процес во кој информацијата се обработува во рамки на разузнувачко – безбедносните процедури определени во системот на функционирање на еден сегмент или како целина во разузнувачката служба. Разузнувачкиот циклус е основен модел од кој разузнувачките операции и активности се управувани и реализирани редоследно. Иако се подредени една по друга фаза во рамки на разузнувачкиот круг, сите аспекти на постапката би требало да се „конкурентно“ координирани и извршувани во согласност со принципите на разузнувањето.

[2] Митко Котовчевски, Основи на разузнувањето, Филозофски Факултет Скопје, 2013 год, стр 60



Слика бр. 1 Разузнувачки Циклус

Извор: Современо воено разузнување, Методија Дојчиновски, Соларис Принт – Скопје, стр 57

- **Насочување** : Определување на разузнувачките потреби, планирање на собирачкиот напор, издавање на наредби и нарачки до агенциите за собирање и одржување на контрола за продуктивноста на таквите агнеции.
- **Собирање**: Експлоатација на изворите од страна на собирачките агнеции и испорака на собрнаите информации до соодветна единица за порцесуирање, за понатамошна употреба за производ на разузнувачки информации
- **Обработка** : Конверзија на инфромациите во разузнувачки податоци ниц, споредување, евалуација, анализа, интеграција и интерпретација;
- **Доставување** : Навремено доставување на разузнувачките инфромации, во соодветна форма и со соодветни средства, на оние на кои им се потребни. [3]

[3] AAP-06 Edition 2014, NATO Glossary of Terms and Definitions (English and French) 122 стр

II.2 Нивоа на Разузнување

Нивоата на разузнувачките операции се три и тоа стратегиско, оперативно и тактичко разузнување, истите се дефинираат на следниве начини

- Стратегиското ниво на разузнување се користи за развој на национална безбедносна стратегија и политика, следење на меѓународната ситуација, подготвување на воените планови за ангажирање, одредеување на стратегиските вооружени системи и барања на воените структури, како и водењето на стратегиски операции.[4]
- Оперативното ниво на разузнување се фокусира на воените способности и цели на непријателот како и неговиот потенцијал. Се интересира за непријателските случувања на просторите на операции, со одредување кога, каде и со колкава опасност непријателот ќе спроведе кампања. Претежно се користи од воените команди на здружено рамниште. Податоците за областа во која може да се одвива операцијата, се собираат заедно со специфичните информации кои ја прават разликата помеѓу победата или поразот[5]
- Тактичкото ниво на разузнување се користи од страна на командантите на здружените оперативни состави или самостојно. Тактичкото ниво на разузнување е најзначајно бидејќи се реализира во директен допир со силите на потенцијалниот непријател.

[4] Дојчиновски Методија, Разузнувачи операции и асиметрични закани, Методија Дојчиновски, Фердинанд Оцаков, Соларис Принт, 2010 год, стр 55
[5] Дојчиновски Методија, Разузнувачи операции и асиметрични закани, Методија Дојчиновски, Фердинанд Оцаков, Соларис Принт, 2010 год, стр 56

Тактичкото разузнување е продолжување на оперативното разузнување со фокус на фактори кои можат да вилјаат на тактиката на бојното поле. Тоа претставува типично собирање на ифнормации од страна на командирите на бојното поле додека операциите се изведуваат[6].

II.3 Разузнувачки Дисциплини

Разузнувачите дисциплини представуваат начин со помош на кој се собираат информацците, по што истите во пропишана стандардна процедура се трансформираат во разузнувачки производ.

Разузнувачките дисциплини се делат на следниот начин :

- **IMINT –** со слики, карти,
- **LASINT –** ласерско разузнување,
- **FOTINT –** фотографско разузнување,
- **NUKINT –** нуклеарно разузнување**,**
- **KR –** контраразузнување,
- **RADINT –** радарско разузнување,
- **TELINT –** телеметриско разузнување,
- **KOMINT –** комуникациско разузнување,
- **ELINT –** електрооптичко разузнување,

[6] Дојчиновски Методија, Разузнувачи операции и асиметрични закани, Методија Дојчиновски, Фердинанд Оцаков, Соларис Принт, 2010 год, стр 56-67

- **FISINT –** разузнување со помош на сигнали од странски уреди,
- **MEDINT –** медицинско разузнување,
- **SIGINT –** сигнално разузнување,
- **RINT –** радиолошко разузнување,
- **OSINT –** разузнување од отворени извори,
- **GEOFISINT –** геофизичко разузнување,
- **MASINT –** разузнување со мерење и обележување,
- **TEHINT –** техничко разузнување,
- **MATINT –** материјално разузнување,
- **BIOINT –** биолошко разузнување,
- **HEINT –** хемиско разузнување,
- **ELINT –** разузнување со помош на електронски уреди,
- **SOCINT –** социолошко разузнување,
- **ARMINT –** армиско разузнување,
- **HUMINT –** разузнување со помош на луѓе,
- **EKOINT –** економско разузнување,
- **GEOINT –** гео-просторно разузнување,
- **FININT –** финансиско разузнување.

Сепак во денешно време, современите разузнувачки системи поради факторите „време“ , „простор“, „економска оправданост“, „неопходност“, „рационалност“, користат дел од наведените разузнувачки дисциплини.[7]

[7] Дојчиновски Методија, Разузнувачи операции и асиметрични закани, Методија Дојчиновски, Фердинанд Оцаков, Соларис Принт, 2010 год, стр 58-59

Нивоата на разузнување, циклусот на разузнување и дисциплините на разузнувањето се алатки преку кои се врши собирањето и дисеминацијата на информации од изворот во вид на податок до крајниот корисник како информација готова за користење. Понатаму ќе видиме каде овие алатки го завземаат своето место и како истите се користат во струкурата на разузнувањето до поризводството на крајните информации за корисникот.

ГЛАВА III

Анализа и компарација на Воените Разузнувачки служби во земјите членки на НАТО (САД, Велика Британија, Франција, Германија, Италија останати земји членки на НАТО како и други светски сили како Русија и Кина)

Во овој дел ќе се разработат разликите во поставеноста на военото разузнување во земјите членки на НАТО, особено нивната организациона поставеност во државите и нивните примарни цели и задачи како дел од разузнувачката заедница во тие држави, фокусот ќе биде задржан на државите во кои што постојат посебни агенции и служби за воено разузнување.

III.1 Разузнавачкиот систем на Соединетите Американски Држави

Современото разузнавање се развило од компонентите на воените штабови на странските армии кои биле формирани од средината на 19 век, па наваму. Кон овој процес придонеле и специјалните полициски одделни и единици, кои се појавиле прибилижно во истиот период. Подоцна во 20-от век, дошло до експанзија на разузнавачкото прибирање на информации и до развој на специјализираните агенции. Задачата на разузнавањето станува уште потешка кога има за задача да ги открие плановите на изведување на терористичките напади на лица кои никогаш порано не биле инволвирани во каква било терористичка активност, па со самото тоа и разузнавачките служби воопшто

ги немаат во сопствената база на податоци како потенцијални извршители на терористички дела. Два главни носители на разузнувањето во САД се ЦИА и ДИА, ЦИА се занимава со Стратешко разузнување и Тајно разузнување, додека ДИА е воената разузнувачка агенција на САД и се занимава со Оперативното и тактичкото разузнување пред се, но изработува и своја национална стратегија за одбрана на САД (стратешко воено разузнување). Ние ќе посветиме повеќе внимание на ДИА.

III.1.2 CIA (Central Intelligence Agency)

ЦИА (Централна Разузнувачка Агенција)

Формирана е со Законот за национална безбедност од 1947 година. Во 1949 година, донесен е Закон за ЦИА. Во 1978 година, со посебна Уредба, директорот на ЦИА станува DCI, односно шеф на целата американска разузнавачка заедница. ЦИА ги реализира следниве групи активности:

1. Прибира, обработува и дистрибуира разузнавачки и контраразузнавачки информации; - раководи со контраразузнавачките активности надвор од територијата на САД;
2. Раководи со специјалните активности по одобрување на претседателот на САД;
3. Се грижи за изработка на разузнавачки анализи и проценки за потребите на Конгресот на САД;
4. Прибира, обработува и дистрибуира информации за меѓународната илегална трговија со дроги;

5. Раководи со другите служби внатре во разузнавачката заедница, кои се под управа на Советот за национална безбедност;
6. Се ангажира за развој на истражувањата и набавување технички системи и апаратури во врска со дозволените операции;
7. Ја заштитува сигурноста на сите инсталации, активности, информации, имот и службеници, кои се ангажирани за тие намени, вклучувајќи обавување истраги и оперативни проверки за кандидати, службеници и други лица кои се во служба на ЦИА;
8. Раководи со потребните административни и технички придружни активности надвор од ЦИА и во ЦИА.

ЦИА има седиште и Централа во Вашингтон - предградието Ленгли. Се смета дека има околу 28.000 вработени во Централата и во другите организациони единици. Организацискатa структура ја сочинуваат: Кабинетот на директорот, како раководен орган на ЦИА, и стручни дирекции за разузнавачки работи; операции; администрација и наука и технологија. Директорот на ЦИА има заменик, кој е негов главен советник за вкупното разузнавачко производство, врз основа на кое претседателот на САД со своите соработници ги формулира стратешките цели на државата и надворешно-политичката стратегија (National Intelligence). Заменикот, исто така, е директор на Националниот центар за проценки во странство. Директорот на ЦИА има помошници за: прибирање податоци; за операции; управување со ресурси (буџетски приоритети); за

администрација; за наука и технологија. Во рамките на Кабинетот, работат и стручни служби: Генерален инспектор на ЦИА; генерален советник; правен советник; претставник за јавноста; отсек за планирање на буџетот; отсек за историја на ЦИА (заштита на тајноста кај пензионираните припадници на ЦИА); специјален регистар (оперативна евиденција); отсек за комуникации (дистрибуирање материјали до претседателот и јавноста, како и дизинформирање на странски разузнавачки служби). Во оперативната Дирекција постојат Канцеларии за: словенски и евро - азиски анализи; европски анализи; блискоисточни и јужноазиски анализи; источно-азиски анализи; афрички и латиноамерикански анализи.[8]

[8] https://www.cia.gov

III.1.3 DIA (Defense Intelligence Agency)

ДИА (Одбрамбено разузнувачка агенција)

Идејата за создавање на оваа агенција започнува во 1958 година со актот за реорганизација од тогашниот секретар за одбрана Robert McNamara, тој извршил нова систематизација и решил дека треба да се направи една централизирана разузнувачка агенција во склоп на министерството за одбрана која што во 1961 година го добила името DIA. Причината или идејата за создавање на оваа агенција не се сосема познати, дали е нападот во Перл Харбор со кој што САД влегоа во Втората Светска Војна, или проблемот со Руските ракетни системи во 1950те години, едноставно морало да се изменаџира протокот на информации подобро и поефективно да се обработуваат за да може да се добие подобра слика за состојбата со непријателските трупи и нивното распоредување ширум светот. Иако DIA како агенција има огромно богаство на разузнувачки информации од ширум светото со сите распоредени единици на военит сили на САД, сепак нема сопствена автономија таа како и NSA (National Security Agency – Национална безбедносна Агенција), DIA работи со DoD и Joint Chiefs of Staff и Директорот за Национално Разузнување (главниот разузнувачки советник на претседателот на САД). DIA сепак е под директна контрола на Министерството за одбрана на САД.

Примарна агенција на министерството за одбрана на САД (DoD) за собирање на воено разузнувачки податоци, воедно представува Агенција за потребите

на министерството за одбрана за подршка на борбените дејствја и изработува анализи и дисеминација на воено разузнувачки податоци.

Агенцијата собира податоци на странски воени разунувачки матерјали (на пример: политичка ситуација, движење на трупите, дристрибувија на вооружување, воени способности, дипломатски промени, економски промени, здравствена заштита, воени арсенали и капацитети, воена индустрија итн.) овие податоци се потоа проследени до законодавните, воените власти, команданти на воените жаришта, како и на останати разузнувачки агенции во САД.

DIA се состои од три важни секции и тоа:

1. Сектор за аналитика
2. Разузнувачки операции
3. Сервис за поддршка

Секторот за аналитика се Директоратот за Анализи и Директоратот за Производи, Директорат за Разузнување и Заеднички Штаб (J2) и Правна поддршка.

Двата директората за Анализи и Производи, се главните компоненти на разузнувачкиот циклис на Министерството за Одбрана на САД, нивниот лидершип и нивните услуги.

Директоратот за разузнување и Заедничкиот Штаб (J2) го поддржуваат, односно ги советуваат претседателот на JCS (Joint Cheifs of Staff) началникот на генералштабот, како и останатите воени лидери, давајќи им важни фокални точки на национално ниво како поддршка за време на разузнувачка криза во државата. Дел од директоратот за Разузнување постои и DIN (Defense Intelligence Network –

Одбрамбена Разузнувачка Мрежа), која што оперира во затворен круг за потребите на Министерството за Одбрана на САД, давајќи им во реално време инфромации на заинтересираните страни, мрежата е моделирана врз основа на CNN , како и INTERLINK – класифициран интернен Интернет. Правната Поддршка работи во канцеларијата на Секретарот за Одбрана на САД како и со Националниот Совет за Безбедност и Стејт Департментот.

Разузнувачките операции во нив ги содржат Директоратот за Разузнувачки Операции, и централната MASINT Организација. Овие две се занимаваат исклучиво со HUMIT, TELINT, SIGINT. Како дел од директоратот за Разузнувачки Операции се наоѓа и DHS (Defense HUMIT Service – Одбрамбен ХУМИТ Сервис).

Под Сервисот за Поддршка се Директоратите за Администација и Иформатички системи и Поддршка. Во Директоратот за Администација се наоѓаат секциите за Контра-разузнување и Безбедност, кои што работат за откивање на разузнувачки закани од странски држави, вршат интервјуа за безбедност и сместување, асистираат на ФБИ и Воените служби за истраги во криминални и контра-разузнувачки истражувања. Информатичкиот центар и поддршка , поддржува нумерозни активности, како операции од JWIC(Joint Worldwide Intelligence Communication System – Здружен светски Разузнувачки Комуникациски Систем), високофреквентна мрежа за целосна видео-телеконференциска мрежа и размена на податоци помеѓу земјите со кои што САД има договор и големите разузнувачки јазли за раземна на податоци.

Освен овие главни секции во DIA се сместени и Директорато за Програм Маенаџмент под кој што се наоѓа Бордот за Воено Разузнување, бордот за советување на Директорот на DIA. Надвор од главните секции е и JMIC (Joint Military Intelligene College – Здруженият Воено Разузнвачки Колеџ), кој што е акредитиран за давање на дипломи и магистерски звања во Разузнување и Стратешко Разузнување. [9]

Агенцијата има пет примарни операционални функции и тоа:

1. Собирање на HUMIT разузнувачки информации
2. Анализа на технички разузнувачки податоци
3. Дистрибуција на разузнувачки потадоци/рапорти на останатите разузнувачки агенции
4. Давање на совети и поддршка на Генералштабот (Joint Chiefs of Staff) на воените сили на САД со странски воено разузнувачки податоци.
5. Давање на информации во реално време на сите командатни на боените полиња ширум светот.

Собира информации за:

1. Производствени капацитети и дистрибувија на вооружувањето;
2. Движење на трупите;
3. Воени капацитети;

[9] https://www.omicsonline.org/scholarly/dod-security-journals-articles-ppts-list.php

4. Воени стратегии;
5. Борбено разузнување на воените полиња;
6. Административно дипломатски промени
7. Важни политички или економски промени

Соработува и асистира на/со:

1. Воени раководители
2. Одбрамбени раководители
3. Команданти на воените жаришта
4. Највисоките носители на законски регулативи

- Обработка на технички информации/ИТ разузнувачки информации
- Дава совет на Joint Chiefs of Staff и
- Дава критички воено разузнувачки информации на командатните на борбеното поле.

Агенцијата во текот на годините ги покажала своите разузнувачки капацитети во повеќе операции и контра-операции ширум светот, дел од нив се следните:

- Операција Urgent Fury во 1983, DIA дала многу важни информации за 6000 Американски трупи за време на инвазијата на Гранада;
- Операција Earnest Will во 90те години, DIA ја зголемила својата поддршка на операцииите во Блискиот Исток, за време на Иранско – Ирачката војна и војната во Персискиот Голф;

- Операција Just Cause, соработката помеѓу DIA и останатите оперативни единици на теренот потпомогнала многу на трупите за време на вмешувањето на САД во Панама;
- Операцијата Desert Storm, DIA ги координирала меѓународните сили и им давала витални разузнувачки податоци во 1990 година за време на одстранувањето на Ирачките сили од Кувајт
- Операцијата Deser Shield, DIA денонoќно преку уфрлени елементи од времето на Desert Storm им дава поддршка на трупите и информации во реално време за непријателските интенции и позиции, како и нивната мобилност и бројност.
- Во периодот на инвазијата на ИРАК 2003-2011 година допринесе за откривање и лишување од слобода на голем број на бунтовници и терорискички ќелии.
- Во периодот после 2001 година, беше критикувана дека не е била во можност да го открие комплото за 9/11, но информациите тврдат дека DIA била еднисntвена агенција во САД која дала црвено знаменце неколку години предходно за можно такво сценарио во САД.
- Активно врши поддршка на вооружените сили на САД и нејзините коалицини партнери, го предводи HUMIT разузнавањето преку свои ќелии создадени во доцните 70ти и 80ти години пред и по инвазијата од страна на тогашниот Советски Сојуз на Авганистан.

- DIA е сеуште присутна и активно работи во откривање на терористички закани кон безбедноста на САД и нејзините коалициони партнери, како и е лидер на операциите од разузнувачки карактер во седиштето на НАТО.

Директорите на оваа агенција се обично генерали со три звезди и нагоре, со персонал над 16,500 вработени ширум светот. [10]

III.1.4 25th Air Force (25 Воздухопловна Сила) [11] - Воено – Разузнувачка единица на Авијацијата на САД

Оваа воена формација на воздухопловните сили на САД е одговорна за повеќенаменско разузнување, наблудување, извидувачки продукти, апликации, можности и ресурси, сајбер и геопросторни сили и експертиза. Истата единица е одговорна како криптолошка компонената на воздухопловните сили во склоп на Националната Безбедносна Агенција, истата е директно поврзана и со тактичкото разузнување како и операции од национално ниво.

Оваа единица во својот склоп има повеќе потчинети единици и тоа:

- ATFC (Air Force Technical Application Center – Воздухопловен Технички и апликативен центар), оваа единица е со седиште во Воздухопловната база Патрик во Флорида и главна цел и мониторирање на нуклеарни закани како и нуклеарно користење. Оваа единица дава национална поддршка за нивото на нуклеарна закана и наблудување на нуклеарниот развој, како и развој на нови технологии за нивно следење и наблудување со цел

[10] **https://www.hsdl.org/?view&did=683174.**
[11] http://www.25af.af.mil/About-Us/Fact-Sheets/Display/Article/662963/twenty-fifth-air-force/

верификација или лимитирање на пролиферацијата на вооружувањето за масовно уништување.

- 9th Reconnaissance Wing (9RW) - (9ти Извидувачки Винг) оваа единица е стационирана во базата Беале, Калифорнија и е одговорна за да ги обезбеди националните и командантите на боеното поле со навремени, точни, високо – квалитетни, извидувачки продукти од голема височина. Оваа единица е договорна и е носител на три од петте главни мисии на воздухопловните сили – Разузнување, Наблудување, Извидување. Оваа единица е специфична по тоа што во своите редови ги има наблудувачко разузнувачките авиони од типот У2 – Dragon Lady, RQ – 4 Global Hawk и t-38A Придружувачки тренери и опрема за поддршка на трупите. Оваа единица е секогаш подготвена за упатување на мисии ширум светот во поддршка на трупите.
- 55th Wing (55ти Винг) лоцирана во Офут базата во Небраска и е најголемиот виг на 25та Авијација на сад и се содржи од шест групи и 31 сквадрон лоцирани ширум светот, оваа единица е главна за изивдувачки задачи и верификација на заканите, во своите редови има преку 50 воздухоплови од видот РС -135 од различни типови. Исто така оваа единица врши и подршка на базите на повеќе од 50 различни единици како и Стратешката Команда на САД и вработува повеќе од 7000 лица.
- 70th Intelligence, Surveillance and Reconnaissance Wing (70ISRW) (70ти Разузнувачки, Наблудувачки и Извидувачки Винг) со седиште во Форт Џорџ во Мариланд, има 34 оперативни локации ширум светот. Оваа

единица е водечка и врши глобално Разузнување, Наблудување и Извидување во воздухот, просторот и сајбер просторот за да овозможи, стратешко, оперативно и тактичко разузнување за националните команди и инсталации, здруженият воен комитет на САД, операции на воздухопловните сили, како и поддршка на партнерските воздухоплновни сили и НАТО операции ширум светот. Оваа единица е главна за Воздухопловните сили на САД во Национално – Тактичко Интегративно тело за операции и синхронизација на боеното поле како во воздух така и на копно. Врши поддршка во борба на воздухопловните сили на САД преку (DCGS – Distributed Common Ground System – Дистрибутивен Заеднички Земјен Систем) како и (GCE – Global Cryptologic Enterptise – Глобално Криптолошко Претпријатије). Оваа единица е и водечка во операциите за сајбер ефекти и супериорност на воздушните операции. Врши анализа за потребите на (IADS – Intergrated Air Defense System – интегрираниот против-воздушен систем), врши мисии за потебите на разузнувачките партнери на САД, како и заштита на воени инсталации за потребите на САД и партнерите на САД ширум светот.

- 480th Intelligence, Surveillance and Reconnaissance Wing (480ISRW) (480ти Разузнувачки, Наблудувачки и Извидувачки Винг) лоцирана во Здружената база Лангли- Еустис во Вирџинија, за разлика од 70 винг оваа единица има као цел поддршка на мисиите за потебата на (CFACC – Combined Forces Air Component Commander – Здружени Воздухопловни

сили компонентен Командант) како и за Национална – тактичка поддршка на интеграциите за (SIGINT).

- 363rd Intelligence, Surveillance and Reconnaissance Wing (363ISRW) (363ти Разузнувачки, Наблудувачки и Извидувачки Винг) исто така сместен во Лангли, Вирџинија. Единицата е одговорна како носител на прецизно нишанење и откривање на цели на земјата, во воздухот, во сајбер просторот, просторот. Оваа единица е единствена од својот вид и служи за фул – спектрум аналитича поддршка на единиците на тактичко ниво, давајќи им борбена подршка во воздух, простор и сајбер-простор. Оваа единица дава поддршка за операционо планирање и екзекутивна поддршка на Главните команди, компоненти на Воздухопловните сили како и Оперативниот центар за Воздухопловни и Козмички операции. Оваа едицница е фокусирана на мулти-разузнувачка анализа и таргетирање за пет мисии: Против-Воздушна Одбрана, Против – Просторна одбрана, Против – Разузнувачки, Наблудувачки, Извидувачки Операции како и откривање на закани од можни Интерконтинетални Ракетни напади и Воздушна Закана. Оваа единица продуцира точки геопросторни анализи на заканите за потребите на единиците на Военото Воздухопловство на САД и НАТО ширум светот.
- 319th Air Base Wing(319ABW) (319ти Возухопловен Базен Винг) лоциран во Гранд Фолкс базата во Северна Дакота, одговорен е за инфраструктурата и оперативна поддршка на 69та Група за Извидување со RQ – 4 Global Hawk. Оваа единица е одговорна за поддршка на воздухопловните единици

ширум светот, но исто така дава поддршка на Царината и Граничната Контрола на САД, преку единицата за хеликоптерска поддршка во Северна Дакота. Специјалистите за комуникации во оваа единица се одговорни за една од двете главни високо фреквентни глобални комуникациски системи на Воздухопловните Сили, кој што оддржуваат 24/7 можност за комуникаццијa на сите нивоа на вооружените сили на САД, Владата на САД, Департаментот за Државна Безбедност, Министерството за Одбрана и останатите владини институции.

III.1.5 ONI (Office of Naval Intelligence) – Канцеларија на Морнаричкото Разузнување

Морнаричкото разузнување на САД е главен носител на разузнувачки податоци за потребите на Вооружените сили на САД во контекст на морнаричко разузнување, воедно е специјализирана за собирање, анализа, производство и дисеминација на витални, навремени и точни научни, технички, геополитички и воено разузнувачки информации за сите нејзини крајни корисници, а како главна цел е собирање на информации за странските морнарички единици поточно:

- Командантите на странските морнарички сили, нивните системи, платоформи, организација, структура, стратегија, доктрини, техники и процедури како и готовност.
- Светски научни достигнувања и технички развој
- Воено Истражување, Развој, Тестирање и евалуација

- Воено производство и пролиферација
- Воени системи карактеристики и перформанси
- Идентификација и следење на сите видови на пловни објекти на земјината топка.

Главни компоненти на Канцеларијата за Морнаричко Разузнување се:

- Nimitz Operational Intelligence Center – Оперативно Разузнувачки Центар - Нимитз
- Farragut Technical Analysis Center –Центарот за Техничка Анализа - Фарагут
- Kennedy Irregular Warfare Center – Центарот за Ирегуларни Војни - Кенеди
- Hopper Infromation Services Center – Информациски Сервисен Центар – Хоппер

III.1.5.1 Nimitz Operational Intelligence Center

Оперативно Разузнувачки Центар – Нимитз

Главната функција на овој центар е опертативна и стратешка анализа на настани од доменот на морнарицата. Центарот ги поддржува команданите на флотите и националните законодавци, и им дава навремено точни и релевантни анализи скроени за потребите на крајните корисници. Центарот врши сеопфатна геопросторна оперативна поддршка на флотите и на здружените борбени операции и националните доносители на одлуки.

Во склоп на центарот постојат следните Оддел:

- Fleet Intelligence Support Department (FIDS) (Оддел за Разузнувачка подршка на Флотите), има интегрирано географско ориенирани келии во склоп на GMCC (Global Maritime Collaboration Center – Глобален Морнарички Соработен Центар) овој центар функционира 365/7/24 и е геопросторен разузнувачки центар за собирање на информации. Овие келии (GeoCells) даваат длабока, пенетрирачка фундаментална воено разузнувачка анализа на оперативните сили, Разузнувачката Заедница, Агенциите на САД, и сојузниците за морнаричка стратегија, доктрина, капацитети, операции како и планови за можните противиниц. Овој центар им дава на морнарички, здружени и цивилни анализи и позициони податоци во поддршка на Флотите, Министерството за Одбрана, националните разузнувачки агенции, Органите за внатрешна контрола на САД, и други владини агенции и сојузници. Елементите за ГЕОИНТ им даваат на флотите и на здружените команди можност за пристап до високо обучен кадар за анализа на слики. Тимот се содржи од персонал на бродовите и персонал на копно, така се оддржува целосна и континуирана ГЕОИНТ стража во поддршка на морнаричките сили. ГЕОИНТ мисијата содржи индикации и предупредување преку експлоатација на слики и видео снимки добиени преку национални, странски, тактички и комерцијални средства.
- Naval Warfare Department (NWD) – Оддел за Поморска Борба дава детални анализи од поморските воени закани од страна на странски борбени вооружени системи и земји од интерес користејќи се со

експертиза и употреба на подморници, воздушни и копнени борбени и информации од страна на офицери, морнари како и од цивили и контрактори. Овој оддел дава оперативна поддршка на командантите, планирачите на мисии, центрите за развој на поморска борба, како и националната разузнувачка заедница со детална анализа за капацитетите, тактиките, техниките и процедурите на непријателските флоти. Исто така ги дава овие анализи преку четири функционално придодадени дивизии и тоа : SABER (површиска борба), SPEAR (воздушна борба), SWORD (подводна борба) и SPECTRUM (сајбер/ електронска борба/ C4ISR).

- Transnational Threat Depratment (TNT)– Транснационален Оддел за Закани главна цел на овој оддел е давање на аналитички информации во врска со морнаричката индустрија, новите трендови, со најсовремени оперативно аналитчки способности, аналистите во овој оддел се лидери во контрапролиферација, глобална морнаричка опкружувачка свест и антинаркотичка анализа. Анализи на морнаричките статешки пазари, инфраструкура, карго, и Артичкото опкружување сите овие информации на големите лидери им дава можност за решавање и носење на одлуки. Овој оддел е главен носите на дата на податоци во државата со над 100.000 бродови со нивните спецификации и карактеристики нивната позиција ширум светот.
- Maritime Domain Awareness and Advanced Analytics (iMDA) – примарна работа на овој оддел е одговрен за меѓународна и меѓуагенциска

соработка и анализа како и делење на инфромациите со стратешките партнери за заеднички цели. Исто така врши и обука на персоналот за препознавање на пловни објекти. Овој оддел е мост помеѓу основно разузнување и напредното разузнување.

III.1.5.2 Farragut Technical Analysis Center

Фарагут Техничко Аналитички Центар

Овој центар пред се преставува главен научно стратешки центар на воената морнарица на САД и техничко разузнување, анализа на странсиките технологии, сензори, вооружување, платформи, борбени системи C4ISR , и сајбер капацитети. Овој оддел врши експлорација на странски материјали, анализа на сигнално разузнувачки податоци, моделирање и симулации, и е седиште на националниот разузнувачо акустичната лабараторија.

Главни цели за анализа на овој оддел се:

- Длабинска анализа на странските морнарици, платформи и бродови
- Морнарички капацитети, потписи, податоци за перформанси и проектирање
- Геофизички мерења, моделирање и проекции
- Акустички и не акустични сензорски капацитети
- Технички ELINT анализи
- C4ISR

- Странски вооружени системи и инжинериски капацитети, моделирање и проекции
- Акустично разузнување (ACINT)

III.1.5.3 Kennedy Irregular Warfare Center

Центар за Ирегуларна Борбра Кенеди

Овој центар е главно одговорен за донесување на ирегуларно борбено – централизирани разузнувачи податоци и поддршка на операциите како и планирање на истите. Поради ова Морнарицата, Министерството за одбрана, национални дирекции и владини агенции, како и Морнаричката Специјална Борба - (NSW – Navy Special Warfare), како и Морнаричката експедитивна Борбена Команда (NECC – Navy Expeditionary Combat Command). Се со цел да се овозможи сеопфатна анализа и ангажирање на специјализирани разузнувачко – аналитички оператори во единиците на морнарицата и сите останати единици во ирегуларна борба ширум светот. Персоналот во овој центар е мултидисциплинарен и е составен од воени лица и цивили како и контрактори кој што се дел од постоечки операции, анализа, таргетирање, менаџирање на собирањето, работа со платформи за собирање на информации и обука на највисоко ниво технички персонал како и специјализиран персонал за потребите на вооружените сили на САД. Персоналот се обучува да ги разбере ирегуларините и експедициски мисии кој што се во високите команди и нивнитре зони на операции. Нивните аналисти често се поставуваат на значајни позиции,

Директори на Разузнувањето, Шефови на Разузнувачки Операции, сеопфатни искусни аналисти, менаџери за собирање и разузнување, Директори за Наблудување и Извидување. Сите специјалисти од овој центар се обучени во техничка обработка на податоци, нивна анализа и поддшка на трупите и посебни мисии од витална важност на државата.

III.1.6 United States Army Intelligence and Security Command (INSCOM)

Разузнувачко – Безбедносна Команда на Армијата на САД

Оваа команда е одговорна за разузнување, безбедност и инфромации за операциите на командантите на Армијата на САД и националните носители на одлуки. Како организација е дел и од Армијата на САД но и како дел од Националната Безбедносна Агенција како главен носител на SIGINT во САД. Оваа команда е одговорна за собирање на разузнувачки податоци во сите дисциплини на разузнувањето за да им даде на команданите податоци за борбеното поле како и фокус кон борбената сила. Оваа команда исто така врши и продукција на разузнувачки податоци и одредени разузнувачки активности, од разузнувачка подготовка на борбеното поле до развој на ситуацијата, SIGINT анализи, сликовна експлорација, и научно – технолошка разузнувачка продукција. Оваа команда има многу голем удел во контраразузнувањето, заштита на силите, електронско војување, и информатичко војување. Додатно на сето ова врши модернизација и обука на силите. Главни цели на оваа команда се :

- Извршување и поддршка на одредени разузнувачки, безбедносни и информирачки операции за Армијата на САД и здружено оперативните единици
- Оптимизација на национално/мисија/тактичко партнерство
- Употреба на најнова технологија во разузнувачките активности

Главни носители на активностите на оваа команда се следните единици:

- 1st Information Operation Command (Land) – 1ва Информациона Оперативнка Команда (Копно) – Дава мулти-дисциплинарни информативно – оперативна поддршка на компонентата и на главните команди на Армијата на САД
- 66th Military Intelligence Brigade – 66та Воено Разузнувачка Бригада врши мултидисциплинарно разузнување на театарот на воените операции и безбедносни операции, кога е делегирана упатува единици да извршат здружени/комбинирани експедициони и операции за спречување во поддршка на Командата на УС ЕУКОМ и на Армијата на САД – Европа.
- 116th Military Intelligence Brigade (Aerial Intelligence) – 116та Воено разузнувачка Бригада (Воздушно Разузнување) оваа бригада работи 24/7, собирајќи, обработувајќи, експлоатирајќи и дисеминирајќи и повратни информации и операции до мулти воздушни системи за наблудување, разузнување, извидување користејќи DCGS-A (Distributed Common Ground System – Army – Заеднички Земјен Систем за Дистрибуција – Армија.).
- 300th Military Intelligence Brigade (Linguist) – 300та Воено разузнувачка Бригада (Јазична) – дава обучен или готови лингвисти и воено

разузнувачки персонал на командите од бригадите на Армиско ниво со цел нивна експлоатација во државата и на мисии во странство.

- 470th Military Intelligence Brigade – оваа бригада дава временска и заедничка мулти дисциплинарно разузнување во поддршка на Јужната Команда на Армијата на САД и други национално разузнувачки агенции
- 500th Military Intelligence Brigade – оваа бригада дава мултидисциплинарно разузнување за потребите на здружените и заедничките воздухопловни сили на Армијата на САД во Пацифичката Команда.
- 501st MIB – дава оперативно разузнувачка поддршка на единиците на Армијата ангажирани во Кореа.
- 513 th MIB – е посебно скроена единица со посебни елементи за мултидисциплинарни Разузнувачки активности како и за безбедносни операции во поддршка на главната команда на Армијата на САД
- 704th MIB – Врши синхронизирани фул – спектрално сигнално разузнување, компјутерски мрежи и инфромативно – безбедносни операции директно низ Националната Безбедносна Агенција за потребите на националната, здружената и Армиската информативна група за високи воени и национални раководители.
- 706th Military Intelligence Group – Воено разузнувачка Група одговорна за давање персонал, разузнувачки персонал и техничка поддршка за спроведување на разузнувачко – сигнални Операции во Националната Безбедносна Агенција и Централната Безбедносна Служба и по потреба во единиците, командите и инсталациите на Армијата и САД во целиот свет.

- 780th MIB – врши експедитивни и сајбер напади, сајбер експлоатација и сајбер безбедносни операции за Армијата и Одбрамбената информативна мрежа.
- 902nd Military Intelligence Group – Дава директна и генерална контраразузнавачка поддршка на Армијата и на поголемите команди на Вооружените сили на САД ширум светот.
- ACO (Army Operations Group) – Армиски Оперативна Група врши човечко разузнувачки операции и дава експертиза и поддршка на земјените компоненти приоритетни разузнувачки потреби користејќи се со фул – спектар на HUMIT методи на собирање на разузнувачки информации.
- CCF (Centarl Clearance Facility) – служи како агенција за потебите на Армијата на САД за проверка на персоналот за потребите на мисиите на Армијата ширум светот.
- NGIC (National Ground Intelligence Center) – овој центар дава Научни и технички податоци и начелни Воено Разузнуачки податоци за странските копнени сили во поддршка на борбените команданти, сили и материјални движења. Овој Центар врши проверка и менаџирање на Странската програма за набавка на материјали и посебни побарувања, и е ауторитативна со тоа што е центар на информации за персонал и материјали не само за Армијата туку и за другите Служби.

III.1.7 Headquarters Marine Corps – Intelligence Department

Команда на Маринскиот Корпус – Разузнувачки Оддел

Овој оддел е одговорен за политија, планирање , програмирање, буџет, и суперцизија на персоналот од Разузнувањето и дава поддршка на активностите во Маринскиот Корпус на САД. Овој оддел дава поддршка на командантото на маринскиот корпус (CMC – Commander Marine Corps) во неговата улога како член на Здружената Команда на Началниците (JCS – Joint Chiefs of Staff), представувајќи го корпусот во Здружената Разузнувачка Заедница, и е супервизор врз Разузнувачките Активности на Маринскиот Корпус. Овој оддел има одговорност за Геоспацијално Разузнување, Напредно Геоспацијално Разузнување, Сигнално Разузнување, Човечко Разузнување, Контраразузнување, и обезбедува синхронизирана стратегија за развојот на Разузнувањето во Маринскиот Корпус како и Разузнувањето, Наблудувањето и Извидувањето.

Во текот на анализата на разузнувачкиот систем на САД се гледа дека системот е голем (17 разузнувачки агенции), но проблемите не се агенциите туку начинот на функционирање на истите. Во многу анализи и книги се гледа дека многу од овие агенции се преклопуваат помеѓу себе односно не се доволно добро координирани и често ефектот кој што треба да се постигне, не е постигнат поради преголема бирократија. Да се земе во предвид дека буџетот на разузнувачките агенции е околу 1 трилијарда долари, и да се земе фактот дека 2/3 од агенциите спаѓаат под

капа на Министерството за Одбрана на САД, добро би било да се спојат односно фузираат одредени агенции со цел по ефикасна работа. Во денешно време освен овие 17 разузнувачки агенции во САД постојат уште 2000 контракторски фирми кој што работат за агенциите, тие имаат околу 1 милион вработени на 10.000 локации ширум САД. Во САД преку 5 милиони луѓе имаат безбедносни сертификати што представува проблем за самата безбедност, од овие 5 милиони 860.000 имаат највисок степен на тајност.

Земјаќи ги овие работи во предвид, САД би требало да се врати назад до 9/11 и да преиспита дали навистина има потреба од толкав број на агенции и толкав буџет, знаејќи дека денешните терористички организации имаат ќелии кој што функционираат ширум светот и се компактни и мали и брзо се поместуваат и менуваат цели и приоритети. Со цел да се зголеми ефикасноста на овој обсолетен систем би требало да се зголеми HUMIT секторот со цел инфилтрирање на организациите и врбување на поголем број на инфроманти, за да може да се откријат корените односно главните носители и финансиери на овие организации. Техниката која што се развива како сателити, системи за следење на комуникациите не се во можност да се инфилтрираат бидејќи новите ќелии функционираат на пренос на информации од човек на човек без користење на средства за комуникација, за поголем безбедност ниеден со ниеден член не се познаваат помеѓу себе, за да може овој систем да се следи е потребно да има посредник помеѓу нив или лице кое може да ги индентификува тоа значи шпион или информатор директно од ќелијата, што значи дека треба да се зголеми HUMIT, и да се намали бирократијата за побрз проток на информации. Другото прашање

што пречи за подобро функционирање е јавното мнение за овие структури односно преголемата тајност во однос на што и како работат овие агенции.

III.2 Разузнавачки систем на ИЗРАЕЛ

Разузнувачкиот систем во Израел се состои од две разузнувачки агенции и тоа МОСАД и АМАН , едното е државната разузнувачка агенција – МОСАД а другото е военото разузнување АМАН. Ние ќе се фокусираме на военото разузнување на Израел односно АМАН.

III.2.1 МОСАД (Mossad) - (ha Mossad le - Modin ule - Tafkidim Meyuhadin) Централен институт за разузнавачка работа и специјални задачи

Мосад е непосредно одговорен пред претседателот на Владата. Функција: шпионска активност; субверзивни акции; антитероризам; подготовка и водење операции против арапските држави и организации во светот. Посебно, предмет на интерес на Мосад се сите држави и организации (палестински и исламско-фундаменталистички) од кои се заканува опасност спрема Израел. Карактеристично за Мосад е и тоа што на терористите се спротивставува и со методот на „тероризирање на терористите", што има својства и на државен тероризам. Специјалните акции во странство Мосад само ги подготвува на информативен план, ги планира и раководи, меѓутоа самото реализирање се доверува на специјална извидувачка единица во рамките на Генерелштабот на израелската армија. Мосад работи со човечки извори, субверзивни активности и антитероризам. Мосад ги има следниве линиски дирекции: - за оперативно планирање и координација; - за прибирање информации; - за политичка акција и соработка; - за истражување; - за технологија; - за технички операции; - за обука и персонални работи; - за финансии и безбедност. Мосад има одделенија на територијален принцип: - за Централна Америка; - за Јужна Америка; - за источна Европа и Русија; - за Африка; - за Азија и Океанија; - за Средоземјето и Блискиот исток; - за Европа и - за Северна Америка. Мосад нема во својата организациска структура разузнавачки Центри и тоа го разликува од другите разузнавачки служби. Мосад има свој безбедносно-образовен центар

(Академија) во Хаифа, каде се обучува и оформува и раководниот кадар на службата.[12]

III.2.2 AMAN (Agaf Hamodi'in) – Директорат на Военото Разузнување

Дел од Израелските Одбрамбени Сили, создадена во 1946 година, целосно самостојна служба во Генералштабот на Израелските Одбрамбени Сили. Како дел од Израелската Разузнувачка Заедница е најголемата по бројност служба. Под директна јуриздикција на АМАН се следните единици и секции :

- Единицата 8200 – одговорна за сајбер војна
- Разузнувачка единица ХАМАН
- Борбено - собирачка разузнувачка единица МОДАШ
- Единица за специјални Операции (извидување, директна акција, ослободување на заложници и против тероризам) – Сајерет Маткал еквивалент на Делта Форце на САД и САС на Велика Британија, Спетцназ на Русија.
- Единица за разузнување на деца со аутизам специјализирани во читање и аналирање на авиоразузнувачки снимки и сателитски снимки - Ro'im Rachok
- Единица 81 – Институт за развој на технолошки достигнувања за потребите на разузнувањето.

Професионлано потчинети под АМАН се:

[12] https://fas.org/irp/world/israel/mossad/

- Директоратот за Воздушно Разузнување на авијацијата на Израел
- Директоратот за Поморско Разузнување на морнарицата на Израел
- Разузнувачки единици во Регионалните Команди: Центар, Север, Југ.
- Центарот за Психолошка воја дел од Директоратот за Операции

Како дел од разузнувачка заедница на Израел дава насоки за изработка на планови за национална безбедност, и се наоѓа на исто рамниште со МОСАД и останатие безбедносно-разузнувачки агенции во Израел.

Разузнувањето во Израел е со лимитирано дејство во делот на Блискиот Исток и Арапскиот свет од каде што впрочем Израел има најголеми закани. Но специјалните единици на разузнувачките агенции и дирекции се најзлогласени во терористичките организации, пример се Олимписките Игри во Берлин 80 години, каде што сите вмешани странки односно 11 лица се егзекутирани, фатени судени на територијата на Израел со тоа само се потврдува нивната ефикасност во пронаоѓање и спречување на заканите кон нивниот суверенитет и државен интегритет.

III.3 Разузнавачки систем на ВЕЛИКА БРИТАНИЈА

S1S (Secret Intelligence Service) - Тајна разузнавачка служба

Во Велика Британија за разлика од Останатите земји членки на НАТО приматот во разузнувањето го имаат Воените Разузнувачки Служби односно МИ-5 (контра разузнување) и МИ-6 Разузнување, ние ќе ги обработиме двете служби.

Оваа разузнавачка служба е позната како МИ 6, бидејќи е настаната во 1916. година, како Шести отсек на Дирекцијата на военото разузнавање МИ 6, организациски е сместена во рамките на Министерството за надворешни работи на Велика Британија, но не претставува ресорска служба, туку, во суштина, автономна служба што му е потчината на премиерот. МИ 6, работи на реализирање на стратегиските надворешнополитички цели на Велика Британија. Централата на МИ6 се наоѓа во Лондон, а во нејзините рамки постојат: - Директорат за регрутирање и оперативна работа (производство); - Директорат за контраразузнавање и безбедност; - Директорат за специјална поддршка (субверзивни дејства); - Директорат за кадри и администрација.[13] МИ 6, применува територијален принцип на работа, при што има организирано седум реферати во целиот свет, што ги раководат исто толку контролори (одговорни за реализирање на разузнавачките дејства на дадените територии). Станува збор за следниве региони во светот: - Велика Британија - Европа - Русија и земјите од поранешниот советски блок - Африка - Среден Исток - Далечен Исток - Западна хемисфера МИ 6, се вградува во британските ДКП и во парадипломатските организации, настојувајќи да изградува широки пријателски односи на подрачјето на делување, односно да изградува агентурна работа на долги стази, што ќе биде во функција на остварувањето на стратегиските цели на државата. На полето на заштита на Министерството за надворешни работи и на сите британски претставништва во странство, се ангажира Директоратот за контраразузнавање и безбедност. МИ 6, дејствува

[13] https://www.mi6.gov.uk/our-mission.html

во странство и спрема странство, при што нема никакви извршни овластувања. Генерално, надлежноста на МИ 6 се состои во следново: - шпионирање на противничките странски земји - прибирање економски разузнавачки податоци со цел за помагање на бизнисот и капиталот - субверзивно дејствување против организации и движења што се во опозиција спрема оние Влади, кои имаат поддршка од Велика Британија - поддршка на МИ 5 и полицијата во борбата против тероризмот, криумчарењето и формите на организиран криминал. Служба за безбедност (Security Service) Оваа безбедносно-контраразузнавачка служба е позната како МИ 5, што претставувал нејзин првичен назив, бидејќи била оформена во 1916. година, како Петги отсек на Дирекцијата за воено разузнавање. Во тоа време, МИ 5, добил задача, покрај контраразузнавањето, да врши координирање на владината политика во однос на странците (Прва светска војна) и нивно проверување, а воедно да презема безбедносни мерки во фабриките за оружје. Кон крајот на Првата светска војна, МИ 5, извршува и задачи на планот на спречување терористички активности и внатрешни субверзивни дејства. Во најново време, МИ 5, има надлежност и на полето на спречувањето на меѓународниот тероризам и организираниот криминал. МИ 5, организациски е сместена во Министерството за внатрешни работи (Ноте Ошсе), а, поконкретно, нејзините области наделување се: 8 - откривање на шпионажа, тероризам и саботажа против Велика Британија - заштита од странски агенти и од активности насочени кон рушење на парламентарниот систем, со политички, економски или насилни средства - зачувување на економскиот поредок на благосостојба од закани на лица надвор од

Британскиот остров, кои делуваат или имаат намера да делуваат кон нивно загрозување. Особено, МИ 5, се ангажира на спречување недозволена трговија со оружје и против формите и носителите на организираниот криминал Во организациска смисла, МИ 5, на своето чело има Управен одбор - генерален директор, двајца заменици, директори на осум дирекции. Линии на работа претставуваат: - разузнавачка работа и операции - контратероризам на меѓународен план - контратероризам на внатрешен план (ирски и други) - контрашпионажа и контрапролиферација - контрасубверзии - информирање, управни работи и администрација - финансии, управување со средства и ревизија. МИ 5, нема извршни овластувања, па тие. задачи, на нејзино барање, ги извршува Специјалниот огранок на Скотланд јард. МИ 5, надвор од границите на Велика Британија, има особено добра соработка со ФБИ од САД и Австралиската безбедносно-разузнавачка служба (АСИО). [14]

III.3.1 Одбрамбено Разузнување (DI – Defence Intelligence)[15]

Одбрамбеното разузнување е клучен дел на Министерството за Одбрана на Велика Британија и главен носител на стратешко безбедносното разузнување до мистерството и вооружените сили. Тоа носи временско разузнувачки податоци, проценува и дава совети за носење на воени одлуки на политичко ниво и за ангажирање на воените сили, за информирање на одбрамбените

[14] https://www.mi5.gov.uk/people-and-organisation
[15] https://www.gov.uk/guidance/defence-intelligence

истражувачки капацитети и програми за опремување, како и поддршка на воените операции.

Одбрамбеното Разузнување е есенцијален елемент на разузнувачката заедница на Велика Британија (вклучувајќи ги и GCHQ (Government Communications Headquarters – Владин Комуникациски Центар, SIS (Secret Intelligence Service – Тајна Разузнувачка Служба и Security Service – Безбедносна Служба.) контрибуираат со персонал и со ресурси на канцеларијата на Кабинетот и поддршка на JIC (Joint Intelligence Committee – Здружен Разузнувачки Комитет) на Националниот Комитет за Разузнување на Обединетото Кралство како и на JTAC (Joint Terrorism Analysis Center – Здружен Центар за Терористички Анализи).

Одбрамбеното Разузнување исто така дава поддршка на други владини оддели со совети и разузнувачки проценки. Дава проценки и поддршка на разузнувачки аналитички податоци и операции под водство на НАТО и ЕУ.

Шефот на Одбрамбеното Разузнување (CDI – Chief of Defence Intelligence) е генерал со 3 ѕвезди и е одговорен за целовкупната координација на одбрамбеното разузнување низ воените сили и самостојните команди. Одговара на Началникот на Генералштабот и на перманентниот скеретар од министерството за Одбрана и е поддржан од страна на 2 заменици, 1 цивилен и 1 воен.

Заменикот на шефот на Одбрамбеното Разузнување (DCIC – Deputy Chief of Defence Intelligence) е 2 – ѕвезди цивилен еквивалент и е одговорен за Анализа на Одбрамбено Разузнувачките Податоци и производи, Помошникот на

Шефот за Одбрамбен персонал (Разузнувачки Капацитети) – (ACDS(IC), генерал со 2 ѕвезди одговорен е за собирање на податоци, мапирање и тренинг.

III.3.1.1 Разузнувачка анализа и продукција

DCDI е најодговорен за разузнувачката анализа и продукција, обезбедува глобална проценка за одбрамбеното разузнување и стратешко предупредување на голема скала и проблеми како, разунувачка подршка на операциите, пролиферација и контрола на вооружување, конвенционални воени капацитети, стратешко предупредување и техничка проценка на вооружените системи. Овие разузнувачки проценки доаѓаат како склоп на податоци добиени од GCHQ, SIS како и останатите здружени разузнувачки агенции и воени средства, на нив се додаваат и дипломатските известувања како и голем број на јавно достапни информации „од отворен карактер“ како што се медиумите и интернетот.

III.3.1.2 Собирање на разузнувачки податоци

ACDS(IC) (Assistant Chief of Defence Staff (Intelligence Capability) – Асистент на Шеф на Одбрамбен Персонал (Разузнувачки Капацитети) одоговорен е за доставување на здружено разузнувачко собирање со поддршка на одбраната и пошироко по барање на владата, здружени и самостојни единици за разузнување, обука и иднината на разузнувачкото собирање стратегии и закони. Тој е носител за заедничкото разузнување, наблудување и аквизиција

на мети и извидување и потребни технички капацитети, во поддршка на политиката на министерството за одбрана, како и местата и персоналот односно капацитетите за разузнување.

III.3.2 Здружена разузнувачка група на Вооружените сили (JFIG - Joint Forces Intelligence Group)

Основната мисија на оваа група е доставување на разузнувачки податоци, информации, давање на услуги и персонал за потребите на одбраната, како и сили за мисии, а на останати владини кабинети и разузнувачки партнери, разузнувачки цели од стратешко до тактичко ниво за потребите на носителите на воени обуки се до ниво на директни операции на теренот се со цел да се дојде до остварување на објективот.

До 2012 година оваа група беше позната како (ICG – Intelligence Collection Group – Група за собирање на разузнувачки податоци), оваа агенција денеска во себе ги содржи и следните 5 клучни елементи:

- DGC (the Defence Geographic Center – одбрамбен географски центар)
- DHO (the Defence HUMIT Organisation – Одбрамбената ХУМИТ Организација)
- JAGO (Joint Aeronautical and Geospatial Organisation – Здружена Аеронаутичка и Геопросторна Организација)
- DGIFC (Defence Geospatial Intelligence Fusion Centre – одбрамбено Геопросторно Разузнувачки Центар за Фузија)

- JSSO (Joint Service Signals Organisation - здружена Оперативна Организација за Комуникации).

III.3.3 Здружена разузнувачка група за обука (JIGT – Join Intelligence Training Group)

Порано беше позната под акронимот DISC (Defence Intelligence and Security Centre – Воено разузнување и центар за безбедност) од 2015 година по новата реструктуација на министерството за одбрана на Велика Британија за 2020 година во JIGT (Joint Intelligence Training Group) со седиште во поранешната воздухопловна база Chicksand на 36 км од Лондон, оваа воздухопловна база е позната по тоа што за време на Втората Светска војна беше една од Y – ипсилон станиците за пресретнување на радио врските и е станицата во која што беа престретнувани и дешифрирани пораки од уредот Enigma на германските У – подморници, и од истата таа база беа праќани погрешни информации до Германските трупи за распоредот на единиците и флотите на здружените сили во борба против Германскиот окупатор.

Во склоп на JIGT се наоѓа и DCI (Defence Colege of Intelligence – Одбрамбениот Колеџ за Разузнување) кој што годишно произведува околу 5000 разузнувачи од различни бранши и различни намени за потребите на Британската Армија како и потребите на останатите институции во Велика Британија како во Кралството така и надвор од него, како и за потребите на останатите земји партнери на НАТО.

Основната цел на Британското воено разузнување е Оперативното разузнување и начинот на пополнување на персоналот е преку воениот колеџ

за разузнување каде што постојат повеќе центри за обука како за HUMIT, SIGINT итн. Колецот во негова целина има три обучни центри и тоа DCLC (Defence Colege for Language and Culture – Одбрамбен колеџ за јазици и култура) , DSP (Defence School of Photography – Одбрамбена школа за фотографија) и DSAE (Defence School of Aeronautical Engineering – Одбрамбена школа за Авионаутичко инженерство).

Од овие школи излегуваат многу офицери на редовна служба и голем процент се жени и се обично избрани од веќе постоечки воени кадри, додека за останатите по завршување на една од школите истите поминуваат низ 14 недели општа воена обука и потоа уште 21 недела специфична обука за потребите на единиците каде се распоредуваат како Оператори на военото разузнување или Оператори на военото разузнување – лингуисти.

Од 2016 година дојде до прерспоредување на единицата за Психолошки операции 15 PSYOPS Group во новонастанатата единициа односно 1 (прва) бригада за разнување, наблудување и извидување на Британската армија, оваа бригада се создаде како дел од реформата на Британската Влада за 2020 година, и ќе служи како сеопфтатна воено – разузнувачка едицница за поддршка на трупите каде и да се тие распоредени.

Оваа единица е основата на британското воено разузнување и служи за собирање, обработка и дисеминација на податоци за потребите на командантите на боените полиња каде што се распоредени воените сили на

Велика Британија (копнени, поморски , воздухопловни) бригадата се состои од следните единици:[16]

- 14 полк за Врски (Електронско Војување) одговорен за земјеното електронско војување и сигнално разузнување. – сместени во воздухопловно – морнаричката база во Caword во Велс.
- 5 регимент на Ројал Артилерија – одговорен за Радарска локализација на вооружување на средни и тешки базирани ISTAR бази – лоцирана во базата MAME во Северен Јоркшир во Англија.
- Артилериска почесна гарда – одговорна за Патроли за набљудување и одредување на цели и разузнување – лоцирана во строгиот центар на Лондон.
- 32 и 104 Регимент на Ројалната Артилерија – одговорни за Инегрирани безпилотни воздушни системи – лоцирани 32 во larkhill Северо-Западна Англија близу до градот Дурингтон. И 104 во градот NewPort во Велс.
- 1 Воено – Разузнувачки Баталијон – одговорно за воено разузнување – лоцирано во Catterick – Северен Јоркшир, Англија.
- 2 Воено – Разузнувачки Баталијон (Експлотационен) – одговорен за Материјална и Лична Експлоатација – лоциран во Upavon, Wiltshire, Северно Западна - Англија
- 3 Воено - Разузнувачки Баталијон – одговорен за Воено Разузнување – лоциран во Лондон

[16] https://www.gov.uk/guidance/defence-intelligence

- 4 Воено – Разузнувачки Баталијон – одоворен за Воено Разузнување – лоциран во Bulford , ЈугоЗападна Англија.
- 5 Воено – Разузнувачки Баталијон – одоговорен за Воено Разузнување – лоциран во Edinburgh, Шкотска.
- 6 Воено – Разузнувачки Баталијон – одговорен за Воено Разузнување – лоциран во Манчестер
- 7 Воено – Разузнувачи Баталијон – одговорен за Воено Разузнување – лоциран во Bristol, ЈугоЗападна Англија
- Единица за Специјалисти за Култура во Одбраната – одговорна за Поддршка на единиците на военото разузнување, локација ЈугоИсточна Англија
- Единица за Капацитети на Материјална и Персонална Експлоатација – одговорна за поддршка на Воено Разузнувачките едицници, локација непозната
- Центар за Разузнувачка Фузија (копно) – одговорна за точност на разузнувачките податоци, локација Југоисточна Англија
- Специјална Група за Воено Разузнување (дел од САС) – одговорна за зголемување на капацитетите за разузнување, локација Југоисточна Англија.
- 21 Група САС Регимент – одговорна за Длабинско Наблудување и анализа на податоци, лоацирана во Лондон.
- 23 САС Регимент – одговорна за Човечко, Опркужувачко наблудување и анализа на податоци, лоцирана во West Midlands, Англија.

Сите овие единици на военото – разузнување на Британските вооружени сили служат за поддршка на трупите на терен, и воедно се составени од поголем број на групи сами по себе така да за време на мисии надвор од државата можат да бидат ангажирани на ниво на група или поединец специјалист за својата област.

Разузнувањето во Велика Британија за разлика од останатите земји е тивко, не излегува на површина, се знаат кои се разузнувачките агенции но што и како работат е реткост да се слушне. Треба да се земе во предвид нивното постоење уште пред првата светска војна, односно наменети за шпиунажа на тогашниот Кајзер. Треба да се спомне и фактот дека голем број од светските и европските разузнувачки агенции се создадени со помош на Британското Разузнување, дури и самата ЦИА (како најмоќна агенција) е созадедена од тогшната МИ6 за време на Втората Светска Војна. Доказ дека Велика Брттитанија има една од најдобрите и оправдани разузнувачки системи во светот е фактот дека се инфилтрираа целосно во Ал Каеда и ИСИС, и сега со нивна помош се елиминираат делови од терористичките мрежи ширум светот, како и нивна неутрализација на територијата на Ирак и Сирија. Сето ова доаѓа преку нивното долгогодишно колонијално искуство и добро познавање на териториите во Јужна Азија и Африка, постоењето на линкови кои што и ден денеска се активни во земји како Индија нивна бивша колонија. Дел од афричките колонии исто така придонесуваат за информации за Ел-Шабаб како терористича организација со линкови со Ал – Каеда и ИСИС. И многу други информации кои што Велика Британија ги добива од страна на нејзиниот

HUMIT ширум светот. Како најважен факт е дека од 2005 година па натаму во Велика Британија на нејзина територија нема терористички напади, односно истите се спречени со инфилтрација на терористичките ќелии, со што се потврдува надмоќта на Разузнувачката заедница на Велика Британија. [17]

III.4 Разузнавачки систем на ГЕРМАНИЈА

III.4.1 BND (Bundes Nachrichten Dienst) - Сојузна Разузнавачка Служба

Разузнувањето во Германија исто е потчинето на военото разузнување. Сојузната разузнавачка служба на Германија, БНД, формирана е во 1955 година. БНД е директно подредена на канцеларијата на сојузниот канцелар

[17] http://www.informationclearinghouse.info/article4464.htm

и има овластувања на централна германска разузнавачка институција. БНД ги има следниве задолженија: - брзо, прецизно и точно информирање на сојузната влада за сите настани што би можеле да имаат влијание врз безбедноста на Германија и остварувањето на нејзините витални интереси; - прецизно и сигурно информирање на сојузната влада за ситуацијата во државите за кои Германија покажува посебно интересирање, за да врз основа на нив, донесува одлуки и планира наредни активности; - прибирање разузнавачки податоци и проценување на можниот развој на настаните во иднина, во земјите што разузнавачки се покриваат и евентуалното нивно влијание врз германската безбедност. [18] Во организациска смисла, на врвот на БНД се наоѓа Генерална дирекција (Централа), која има четири управи: - Прва управа, - ја организира и раководи разузнавачката активност во странство. Има две групи одделенија: а) Регионални одделенија - планираат разузнавачки активности, соработка и размена на податоци со други држави, сојузи и регионални организации и б) Проблемски одделенија - вршат селекција на податоците, анализа, проценување, одредување на степенот на сигурност и доставуваат барања до Центрите на теренот. 9 - Втора управа, - ги подготвува и изведува специјалните дејства во странство (саботажи, диверзии, психолошко-пропагандни операции...). - Трета управа, - задолжена е за контраразузнавчки дејности во странство, вградување на агенти-двојници во странските разузнавачки служби и врши проверување на податоци за

[18] https://www.globalsecurity.org/intell/world/germany/bnd.htm

сметка на Службата за безбедност и врши врбување на лица од странските ДКП во Германија - Четврта управа, - врши обука на кадарот, се грижи за финансирање, дава правни мислења и одржува односи со јавноста. Подредени на Генералната дирекција се следниве организациски единици: - Генерални застапништва, - претставуваат камуфлирани филијали на БНД на територијата на Германија (фирми, претпријатија, агенции...), а работат спрема странство, користејќи ги сите разузнавачки методи; - Околиски застапништва (Центри), - претставуваат, исто така, камуфлирани единици на БНД.лоцирани се во пограничните зони или во трети земји што граничат со земјите што се од интерес за Германија. Најмногу работата спрема лица - бегалци, имигранти, странски работници и сл. - Истурени пунктови (подзастапништва) - лоцирани се во државата и надвор од неа, во камуфлирана форма. Прибираат сознанија од политички, воен, економски крактер. Во земјата, обично, работат во прифатилиштата за азиланти. - Деташирани припадници на службата. [19]

III.4.2 (BfVBundesamtur Verfassungss - chutz)

СОЈУЗНА КАНЦЕЛАРИЈА ЗА ЗАШТИТА НА УСТАВОТ

Сојузната канцеларија за заштита на уставот, формирана е во 1950 година, со задача да врши следење и контрола на активности што се насочени против уставното уредување. Оваа служба претставува сојузна цивилна територијална контраразузнавачка и безбедносна служба за заштита на

[19] http://www.bnd.bund.de/EN/About_us/Operational_Structure/GU/gu_node.html

уставното уредување. Основна задача и претставува: - прибирање податоци и вршење анализа за дејствување на странски разузнавачки служби; - прибирање и анализирање податоци за сите видови субверзивни дејства; - прибирање и анализирање на податоци за тероризмот. Созујната канцеларија за заштита на уставот нема извршни овластувања, туку прибраните и анализираните податоци ги доставува до надлежните полициски органи за натамошно постапување. Припадниците на оваа служба работат под легенда (скриен идентитет), додека нивните службени простории се камуфлирани. Сојузната канцеларија за заштита на уставот е потчинета на Министерот за внатрешни работи на државно ниво воедно, директорот на оваа служба одговорен е и пред потсекретарот за безбедносни работи во кабинетот на сојузниот канцелар (премиерот). Централата на оваа служба е сместена во Келн, додека организациските единици се разместени како покраински канцеларии или како самостојни канцеларии, во рамките на покраинските министерства за внатрешни работи или во полициските дирекции во градовите што имаат статус на покраини.

III.4.3 MAD (Militaerischer Abschirmdienst)

Воено Контраразузнување на Германија

Военото контраразузнување е дел ог генералштабот на воените сили на Германија. Е една од трите федерални разузнувачи агенции заедно со BND и BfV. Оваа агенција има за цел собирање и анализа на информации во врска со антиконституционални напори како и активностите на

противничките безбедносни служби, интерпретацијата на информацниите за безбедносната состојба во Германија и здружените сојузнички сили, како и обезбедува безбедносна проценка и техничка безбедност за заштита на класифицирани материјали.

За исполнување на своите задачи и функции контраразузнувањето на Германија соработува со представниците на останатите безбедносни агенции во Државата, и дава совети на германските вооружени сили во врска со безбедносни прашања. Како дел од вооружените сили на Германија се директно потчинети на Заменикот генерален директор за безбедносни прашања во вооружените сили на Германија. Нивната главна канцеларија е во Колоњ како Канцеларија за Воено Контра-разузнување, но имаат и други канцеларии ширум Германија.

Организација на MAD :

Главен Штаб на MAD

- Канцеларија I – одговорна за заштита на сопствените сили
- Канцеларија II – одговорна за заштита од антиконституционални сили
- Канцеларија III – одговорна за заштита од делување на спротивставени разузнувачки служби
- Канцеларија IV – одговорна за техничка поддршка

MAD во сите поголеми градови каде што има Воени Команди има и свои канцеларии и работни групи. Во склоп на MAD постои и школата

за разузнување на Германските Федерални Вооружени Сили која што моментално е лоцирана во Колоњ. [20]

Во врска со Германското разузнување се знае многу малку, гледајќи историски има многу што да се каже за Германското разузнување, но во поновата историја многу малку се знае што како и каде работата и дали придонесуваат за безбедноста на сопствената држава и народ. Но со новата реформа која што треба да заврши во 2020 година, разузнувањето во Германија ќе биде насочено повеќе кон електронското и техничкото раузнување, но и ќе се зголемат капацитетите за HUMIT. Единствено нешто кое што искуствено може да се каже е дека за време на мировните мисии во Авганистан и Ирак, Германија може да се стави меѓу државите со најмалку жртви, а тоа повлекува прашање дали нивното разузнвување е толку тајно и добро да придонесува за ова состојба, или само имаат среќа.

III.5 Разузнавачки систем на ФРАНЦИЈА

III.5.1 DGSE (Direction Generale de la Securite Exterieure)

Генерална Дирекција за Надворешна Безбедност

Во Франција главен носител на разузнувањето се воените разузнувачки служби, ние ќе ги обработие сите бидејќи се тесно поврзани помеѓу себе и имаат одлична соработка. Оваа служба само формално е сместена во

[20] https://www.globalsecurity.org/intell/world/germany/mad.htm

ресорот на националната одбрана, а всушност, работи како разузнавачка служба и офанзивна контраразузнавачка служба. Сепак, може да се одреди како централна, мешана воено - цивилна служба. Централата на ДГСЕ се наоѓа во Париз, а во нејзин состав се: - Дирекцијата за истражување, - планира, програмира, координира и раководи со разузнавачките истражувања во странство преку свои центри, пунктови и деташмани. Заинтересирана е за податоци од политички, економски и воен карактер. Центрите и пунктовите се камуфлирани во дипломатските и парадипломатските претставништва на Франција во странство. - Дирекција за контрашпионажа, - има двојна функција -а) заштита на ДГСЕ и б) контраразузнавачка работа и раководење со контраразузнавачко истражување во странство. Предмет на работа се странците што се вработени во француските претставништва и откривањето на инфилтрирање на странски агенти во ДКП и пара дипломатијата. - Дирекција за проучување и документација, - врши аналитички работи. За корисниците секојдневно изготвува „Разузнавачки извештај" (билтен). Во извештаите прецизно се поделени податоците добиени од отворени, агентурни и технички извори (со ознаки „А", „Ц" и „Б"). - Дирекција за акции, -открива странски агенти и врши превербување во агенти-двојници; извршува неразузнавачки дејства на разузнавачка служба; - Служба за технички материјал, - контраприслушна и контрадиверзиска контрола на инсталации и за офанзивна примена на технички средства; - Служба за кадровски и финансиски работи, - планира стручна обука и

специјализација на кадрите, што се врши во Централата и во нејзините бази. ДГСЕ е ообено со силни позиции во регионот на Африка и Блискиот исток, со оглед на историски-традиционалните врски на Франција со овие територии (колонизаторско присуство).[21]

III.5.2 DST (Direction de la Surveillance du territoire)

Дирекција за Надзор на Територијата

Дирекцијата за надзор врз територијата претставува централизирана територијална служба за безбедност и контраразузнавање, со право да дејствува и офанзивно во други држави. Оваа служба има извршни овластувања, при што располага со сопствени радио-прислушни центри, чие име е: Полиција за радиотелекомуникации. ДСТ е организирана по линиски систем на работа, при што во Централата има шест поддирекции: - за истражување, анализи и синтези; - за борба против тероризам; - за електронско извидување; - за следење на печатот; - за надзор над индустријата; - за останати работи. 11 Во рамките на ДСТ, после 1981. година, е формиран посебен отсек за следење на дејствувањето на американските разузнавачки служби во Франција, а после пропаѓањето на СССР и Варшавскиот договор, особено внимание се посветува на спречувањето на израелската шпионажа во Франција. Централата на ДСТ се наоѓа во Париз, а контраразузнавачки центри има во Лил, Рен, Бордо,

[21] http://www.defense.gouv.fr/english/dgse

Лион, Тур и Марсеј (ги покриваат воените области во Франција). Центрите на ДСТ се надлежни и за некои прекуморски департмани и имоти, каде се лоцирани соодветни упоришта (француски), како на пример, во Нова Каледонија и Полинезија.

III.5.3 DRM (Direction du Renseignement Militaire – Directorate of Military Intelligence – Директорат на Военото Разузнување)

Француското воено разузнување пред се е создадено касно на почетокот на 90 години со цел да се решат проблемите со недостатокот на разузувачки податоци за време на војната на Голфот. DRM е создадено од Воениот центар за извидување (CERM – Centre d'Exploitation du Renseignement Militaire), Центарот за Информирмирање за Електромагнетна Радијација (CIREM – Centre d'Information sur les ryonnements Electrotmagnetiques), Меѓу армискиот центар за интерпретација на сликите (CIII – Centre l'Interpretation Interarmees de l'Imagerie), Внатрешно – Армиска HELIOS единица, Внатрешно – Армиски центар за интерпретација на слики и Второто Биро на генералштабот на Армијата и Француската Авијација. Додека делот од Морнаричкото разузнување остана под бирото за надворешни работи, подредено на Оперативниот персонал на Морнарицата со цел полесно да се следат морнаричките збиднувања во целиот свет.

CERM била тактичка единица подчинета на началникот на генералштабот на вооружените сили на Франција, во суштина единицата беше наменета за

тактичко разузнување. Воедно ги координирала сите разузнувачки единици на трите вооружени сили на Франција (Армија, Авијација, Морнарица), исто така била одговорна за оперативното и стратешкото разузнување, додека секоја вооружена сила сама по себе раководела со тактичкото разузнување (разузнување на терен – бојно поле). CERM била лоцирана како дел од CIFR (Centre de Formation Interarmees du Renseignement – Меѓуармиски центар за разузнување). Со креирањето на DRM таа како воено разузнување добива задачи „ планирање, координација, и водење на истражни мерки и постапки, како и употреба на военото разузнување„. Но со тек на време таа еволуира не само како чисто воено разузнувачка агенција за воено разузнувачки активности туку превзеде поголема улога на политичко и стратешко разузнување кое што првично беше одговорност на DGSE. DRM сама по себе не е безбедносна агенција, не е одговорна за внатрешната безбедност, и нејзините вработени не се шпиони, сама по себе нема „оперативна бранша“ таа улога и останува на DGSE со нејзиниот „акционен департамент“. Активностите на директоратот се исто така анализа на сателитски и други електромагнетни слики, и е многу зависна од собирањето на информациите од вооружените сили на терен, една од единиците е BRGE (Регимент за Електронско – разузнувачко војување) кое е одоговорно за СИГНИТ од различни извори, радарски, електроипулсни, телекомуникациски и останати електронски системи, таа ги подржува DRM како и владата и минитерството за одбрана

во сигналното разузнување. Истата располага со висока технологија и информатички средства има свои бази ширум светот. [22]

Составот на DRM е разновиден бидејќи во нејзиниот состав освен Воените Единици од Армијата, Морнарицата и Авијацијата во својот состав има цивили, полиција и делегација за контрола на вооружувањето за масовно уништување. Директоратот е директно потчинет на Министерот за Одбрана иако е дел од Генералштабот на Вооружените сили. Како дел од Директоратот се и следните установи и единици:

- Суб – Директорат за експлорација е есенцијално созадеаден со персонал од CERM и од Внатре-Армискиот Центар за Сликовна Интерпретација . Одговорен е да продукција и дисеминација на разузнувачките податоци.
- Суб – Директоратот за пролиферација и вооружување е одговорен за студии и анализи на закани од пролиферација на нуклеарната технологија, хемиските вооружувања и останатото вооружување.
- Суб – Директоратот за Технологија е одговорен за техничка поддршка на сите елементи и останати единици под DRM.
- Суб – Директоратот за Човечки ресурси и администација е одговорен за регрутација, менаџирање и трениниг на персоналот. И го има превземено сите одговорности на CERM за формација на персоналот за воено разузнување, дел од оваа дирекција е и

[22] https://www.defense.gouv.fr/ema/directions-et-services/la-direction-du-renseignement-militaire/la-drm

меѓуармискиот центар за информирање и јазични студии (EIRL) во Стразбур.

Активностите на директоратот исто така вклучуваат и соработка со DGGN (Директоратот на Националната Полиција), DPSD (Директоратот за Одбранбена заштита и Безбедност) како и генералштабот на вооружените сили и генералната делегација за вооружување. Со новата реформа на вооружените сили доаѓа до реформација и на DRM односно од постоечките 4 суб – директорати остануваат во функција само 3 и тоа :

- Суб – Директорат за истражување и технологија, планирање и координација на разузнувачките активности како и контрола капацитетите за вооружување и развој на нови технологии. Во склоп на овој суб – директорат сега се и :

– CF3I – Центар за формација на внатре-армиска интерпетација на слики. Собира оригинални информации од сликите, тренира персонал за потребите на вооружените сили и НАТО членки, ги дефинира потребите за главните капацитети.

– CF3E – Центар за формација одговорен за електромагнетни зрачења. Ги ориентира сензорите за слушање, тренира персонал од армиите во електромагнетното разузнување, ги користи продуктите од електромагнетното разузнување, ги изработува сите нови воено – технички национални стандарди и правила.

- CI3RH – Меѓуармиски центар за истражување и собирање на HUMIT. Собира и анализира податоци собрани од човечки извори, тренира специјалисти за собирање на човечки информации пред упатување на мисии, упатува високо специјализиран персонал во театрите за операции.
- CRAC – Центар за истражување и анализа на сајбер-просторот. Води специјализирана дигитална проверка, пребарување на социјалните мрежи, врши евалуација на закани и непријателските вооружени капацитети.

- Суб – Директорат за Експорација, собирање и анализа на информациите за продукиција на разузнувачки информации од воен интерес во него го содржи CRGI (Интерармискиот Разузнувачки Геопросторен центар).
- Суб – Директоратот за човечки ресурси и администрација одговорен за технича подршка на Директоратот и човечки ресурси, во себе го содржи и CFIAR (Интерармискиот центар за формација на разузнувачкиот персонал).[23]

Во последно време разузнувачкиот свет во Франиција е под голема критика како од народот така и од надворешните партнери на Франција за катастрофално лошото водење на разузнувачките агенции во Франција. Земајќи во предвид дека Франција и Белгија да ги земеме како целина имаат најголемо муслиманско –

[23] https://www.intelligenceonline.com/government-intelligence_organizations/2016/09/28/the-drm,108183081-bre

арапско и афричко население, по логика би требало да имаат најголем број на инфроматори во врска со работата на терористичките организации, но соработката на Француските и Белгиските служби е сведено на минимум. 11.000 припадници на ИСИС и Ал Каеда се лица со Француски или Белгиски исправи , голем дел од нив денеска се дознава дека се бивши припадници на Легијата на Странците. Чудно е да се знае таков факт а Франција да нема скоро никакви информации за напади на нејзината територија, се поставува прашањето за ефективноста на разузнувачките агенции во Франција, не превземањето на мерки кон лица кои што од повеќе земји во арапскиот свет се означени како можни соработници на познати терористички организации ширум светот, не верувањето на Ирачките безбедносни служби во врска со познат терорист на територијата на Франција. Земајќи во предвид дека Франција на технолошко ниво е една ако не и најразвиената со капацицтет за електронско следење во Европа, тоа е факт бидејќи нејзините експерти за информатичка технологоија ги откриј аномалиите во системот во кабинетот на председателот, кои што понатаму беа поврзани со НСА на САД, и де факто започна преку ова откритие размаскирањето на НСА во Европа како тие ги шпиунираат своите сојузници. Така да се поставува прашањето дали Франција треба да се занимава со терористичките организации или да го чува сопствениот двор од нејзините сојузници.

III.6 Разузнавачки систем на ИТАЛИЈА

III.6.1 SISMI (Servizio Informazione de la Sicureza Militare)

Воена Разузнавачко-Безбедносна Служба

Претставува стратегиска разузнавачка и контраразузнавачка служба. Оваа служба, ја има во надлежност севкупната разузнавачка активност кон странство, од една страна, и заштитата на суверенитетот и интегритетот на Италија од надворешни напади, од друга. СИСМИ, поконкретно, е задолжена за следниве прашања: - организирање офанзивно разузнавачко истражување од политички, воен и економски карактер, со обезбедување разузнавачки податоци на Врховната команда на италијанските вооружени сили; - насочување, координирање и користење на разузнавачки податоци од разузнавачките служби на видовите армиски сили (копнена војска, воздухопловство и воена морнарица); - контрашпионажа; - контраразузнавачка заштита на командите, штабовите, единиците и објектите на вооружените сили; - изготвување на документи за информирање на корисниците во рамките на вооружените сили и надвор од нив. Централата на СИСМИ се наоѓа во Рим. Од централата се раководи со разузнавачките центри, потцентри и пунктови. Во централата на СИСМИ постојат следниве сектори: - Сектор за истражување, - реализира прибирање на податоци од стратегиски карактер и раководи со таа дејност; - Сектор за следење на ситуација, - претставува аналитика на службата. Изготвува стратегиски студии и проценки за потребите на државниот и воениот врв. Поделен е на четири секции: воена, политичка, економска и научно- технолошка; - Сектор за безбедност, - контраразузнавачка работа и заштитна активност на СИСМИ, Министерството за одбрана и воената индустрија. Врши надзор врз чувањето на документите со ознака на тајност

и изготвува проверки за лица, кои треба да се вработат во службата и за јаштитува воената инфраструктура; - Секција за телекомуникации, - ги заштитува воените и државните телекомуникациски системи, го унапредува електронското извидување и ја следи состојбата во развојот на електронското попречување во други држави; - Центар за прибирање податоци со специјални технички средства, - ги следи и проучува најновите достигнувања во наоружувањето и воената техника на странските држави. 12 Централата на СИСМИ, истовремено, претставува централен орган на разузнавачко-безбедносниот систем на Италија и оперативна команда на военоразузнавачката служба. Со службата раководи директор, кого го именува министерот за одбрана. На органите на СИСМИ подредени им се единиците на карабинерите, кои извршуваат работи на воена полиција, како и извидувачките единици и единиците за електронско извидување. Воедно, СИСМИ претставува непосреден корисник на разузнавачките податоци што ги доставува разузнавачкиот центар за електронска одбрана на италијанската армија - станува збор за производи од електронско посматрање и прислушкување од воздух.[24]

III.6.2 SISDE (Servizio Informazione de la Sicureza Democratica)

Разузнавачка Служба за Заштита на Демократијата

[24] http://www.sicurezzanazionale.gov.it/sisr.nsf/chi-siamo/organizzazione.html

СИСДЕ дејствува во рамките на Министерството за внатрешни работи. Оваа служба, задолжена е за преземање разузнавачки и безбедносни активности на планот на заштита на уставното уредување на државата. Централата на СИСДЕ се наоѓа во Рим. Организациската структура на оваа служба е соодветна на структурата и разместеноста на Министерството за внатрешни работи. Така, центрите се сместени во квестурите (вкупно 19), а пунктовите се разместени по полициските станици во одредени места, во некои затвори, во поголемите пристаништа и аеродроми. СИСДЕ, нема извршни овластувања.Нејзино поле на работа е: - контраразузнавачка заштита на територијата на Италија; - откривање и спречување на делувањето на екстремни политички противници на постоечкото уставно уредување на Италија; - откривање и спречување на терористички организации. Формално, СИСДЕ, е во рамките на Министерството за внатрешни работи, но фактички, претставува самостоен орган на Владата. СИСДЕ, во својата работа се потпира, особено врз Карабинерите (Корпус на вооружени сили на карабинерите) и врз Корпусот на финансиската полиција (I1copro della Guardia di finanza). Карабинерите имаат овластувања на судска полиција и, истовремено, се припадници на вооружените сили. Воедно, карабинерите извршуваат разузнавачки и контраразузнавчки задачи во вооружените сили, ги обезбедуваат сите државни органи и установи и имаат територијални единици низ целата држава. Финансиската полиција е организација од полувоен тип и посебна

полициска установа во рамките на Министерството за финансии. Надлежна е за контрола на финансиското работење, извршување на пореската политика и царински работи на граничните премини. Воедно, извршува задачи на планот на спречувањето граѓански немири и други насилства, па и тероризам. Финансиската полиција е составен дел на вооружените сили на Италија, а нејзините професионални припадници се цивили, кои имаат и овластувања на судска полиција.

Искуството на италијанската безбедносна заедница во борбата против тероризмот, со црвените бригади во 70 и 80 години, постојаната борба против мафијата и корупцијата можеби им дава искуство на италијанските служби за предвремено и навремено откривање на можни терористички организации или ќелии на нејзината територија. Но мора да се земе во предвид дека Италија представува и оаза за терористите ширум светот, бидејќи нејзината бирократија и законодавство се многу спори, но и како држава представува најбрза можна рута за влез на можни припадници на терористички организации од афричкитот континент. Нема големи информации за сработеното на Италијанските служби, освен за нивната реформација во 2007 година и нивна реструктуација со цел подобра соработка помеѓу службите после големиот број на скандали во следење на судскиот систем и судските совети ширум ЕУ.

III.7 Разузнавачки систем на РУСИЈА

III.7.1 СВР (Надворешна разузнавачка служба - Служба внешнej разведке)

СВР настанува од Првата главна управа на КГБ, во 1991 година. Законски се дооформува во 1996 година (со Законот за надворешни разузнавачки служби). Се смета дека СВР има преземено од КГБ околу 16.000 соработници. СВР има задача да обезбедува разузнавачки информации и анализи за претседателот на државата, федералниот парламент и Владата од областа на политиката, економијата, одбраната и научно-технолошката сфера. Особено, СВР развива тнр. „Мерки на содејство", со кои на надворешната политика и дава помош во склад со стратешките цели и интереси.

Централата на СВР се наоѓа во Москва. Со СВР раководи директор, кој има прв заменик и други тројца заменици. СВР, на пониско ниво има: Управа С (операции); Управа Т (прибира научни и технолошки информации); Управа К (служба за безбедност на СВР); Служба И (аналитика); Служба А (спроведување на тнр.мерки на содејство - субверзивни активности); Надворешно-разузнавачка академија (Центар за обука). СВР има 11 Географски одделенија, кои ги покриваат сите делови од светот, преку разни форми на организациски единици и тајно, прикриено и легално собирање разузнавачки податоци. СВР се ангажира и на планот на прибирање информации во врска со тероризмот, организираниот криминал (илегална трговија со наркотици, луѓе, оружје и средства за масовно уништување).

III.7.2 Воено разузнување на Русија - GRU (Glavnoe Razvedytalnoe Upravlenie)

Го има задржано оригиналното име уште од времето на Советскиот Сојуз и нема претрпено многу измени во својот начин на функционирање и начинот на кој што е поставена хиерархијата. Военото разузнување на Русија е како еден вид на реликвија од стаиот систем. Затоа и нејзината внатрешност и начин на функционирање и ден денеска се голема тајна и енигма. Најголемата причина поради која оваа воена формација останува сеуште иста е бидејќи офицерите на военото разузнување пред се се поголеми патриоти од агентите на KGB/SVR и бројот на пребегнати или дефлектирани припадници може да се брои на прсти. Причината поради која толку малку се знае во врска со оваа агенција, е бидејќи странските автори се фокусирале повеќе на КГБ за која што имало повеќе информации, за ГРУ скоро и да нема никакви публикации, истата останува темната страна на Руското разузнување и ден денеска.

Двете агенции во Русија СВР/ГРУ ги имаат истите функции и дејстување кога се работи за стратешкото разузнување:

1. Политичко разузнување
2. Научно и технолошко разузнување
3. Илегално разузнување

Но единственото нешто по кое што СВР поранешно КГБ се разликува од ГРУ е надворешно контра-разузнување, на ГРУ никогаш не им е дозволено да создадат свое контра разузнување за заштита на своите офицери. Кога работат надвор од државата се мониторирани од страна на Директоратот - „К“ кој што е дел од СВР.

Офицерите кои што се инфилтрирани во државата се мониторирани од страна на военото контра-разузнување на ФСБ (Федералната Служба за Безбедност на Русија). Од друга страна една од функциите која што ја врши само ГРУ е разузнување на боиштето, другите две агенции кој потекнуваат од КГБ – СВР и ФСБ.

Разузнување на боиштето се врши и за време на мир, со цел да се зачува подготвеноста на трупите од евентуално ангажирање во идни воени конфликти. Офицерите кои што рабoтат во странство во главните градови мораат да се снабдат со нелегално вооружување и да создадат бункери во ближните планини со цел понатамошна нивна експлатација во случај на воена интервенција во таа држава или предизвикување на инциденти како дел од нивниот делокруг на работа. Во 2001 година кога ФСБ и СВР претрпуваа големи промени во начинот на функционирање и нивните највисоки раководители беа сменети, нивната формација тотално променета. Тоа не се случи во ГРУ бидејќи тогашниот министер за одбрана поранешен генерал на КГБ/СВР Сергеи Иванов близок пријател на сегашниот претседател на Русија Владимир Путин, се обиде да ги смени сите највисоки функционери на ГРУ со офицери негови колеги од ФСБ, но не успеа бидејќи истите немаа познавање од разузнување на боиштето и се плашеа да превземат должност во една воена команда како ГРУ бидејќи начинот на функционирање и работа е далеку потежок од начинот на работа на кој што тие биле навикнати во ФСБ[25].

[25] https://www.omicsonline.org/open-access/gru-obscure-part-of-russian-intelligence-2167-0374.1000105.php?aid=5233

ГРУ сама по себе е само дел од Генералштабот на Руската Армија и е на 2 ранка пониско од СВР и ФСБ кои што имаат статус на министерства, за да се добие било каква информација во врска со ГРУ треба прашањата да одат преку канцеларијата за односи со јавноста на Руската Армија, ако воопшто се добијат некои информации во врска со нејзе.

Офицерите на ГРУ може да бидат регрутирани само ако ФСБ го дозволи тоа, немаат право да аплицираат на воено разузнувачката академија ако не поминат низ филтерот за селекција на ФСБ и СВР. Надвор од државата можат да бидат регрутирани како соработници на ФСБ или СВР но обратното не смее да се случи. Нивниот животен стандард е понизок од тие на ФСБ и СВР, еден од примерите е паркинг местото во близина на амбасадите и дипломатските представништва ширум светот, за СВР местата за пркирање и годишните паркинг карти се платени од министерството, додека офицерите на ГРУ се паркираат на места каде што се плаќа по час па така се лесно препознатливи бидејќи трчаат секој час да го платат паркингот бидејќи колите ќе им бидат земени од пајак службата, на тој начин на странските контра-разузнувачки служби им е многу лесно да ги препознаат офицерите на ГРУ. Додека Руската Армија ја чува националната безбедност, безбедноста на Руската Армија е обезбедена од ФСБ.

Познатиот писател и дефлектор, Виктор Суворов, го опишува начниот на селекција на персоналот за работа во ГРУ во својата позната книга „ Во внатрешноста на Совиетското Воено Разузнување“ како следно: „КГБ се среќни

кога нивните кандидати се деца на виско рангирани офицери на КГБ, додека ГРУ регрутира од 10% на пролетерската класа“. Идните офицери на ГРУ никогаш не смеат да дезертираат во Америка, затоа главен критериум на рекрутниот центар на ГРУ е патриотизмот и тоа не само во вербална форма како заклетва, туку и практично докажано, затоа ГРУ се фокусира на избор на персоналот помеѓу обичните армиски офицери кои учествувале или учествуаат во воени дејствја. Ги одбегнуваат сите интелигентни офицери и познавачи на странски јазици бидејќи истите може лесно да бидат придобиени или можеби се привлечени од Западната слобода и демоктратија, па лесно може да дезертираат. Секогаш ги бараат офицерите што не сакаат да служат надвор од државата. Како што пишува во својата книга, мног лесно е да се пронајдат такви офицери. Се повикуваат млади офицери и им се нуди работа во странство, на кое што потенцијалните кандидати одговараат „ не сакам да служам во странство, немам познавање од странск јазици, воедно добив прекоманда и унапредување во добар дел во Русија, воедно не сум бил надвор од државата и не сакам да се селам во странство. Ако некој од офицерите даде ваков одговор тогаш, или се рекрутирани бидејќи сакаат да работат во ГРУ или се со сила превземени од ГРУ. [26]

Животот на семејствата од селата е многу тежок и за тие семесјтва да се биде дел од Армијата и уште да се биде дел од офицерскиот кор е многу престижна работа. Затоа многу од рекрутите на ГРУ се лица кои доаѓаат од руралните средини . Упатени се на воената дипломатска академија и сето тоа за нив е многу чудно. Кога ги праќаат да работат во дипломатските представништа ширум светот, го

[26] Keegan, John. 2003. Intelligence in War. New York: Knopf. ISBN 0375400532

задржуваат офицерскиот начин на однесување, често разговараат на повишен тон па се исмејувани од страна на нивните цивилни колеги. Многумина од нив дури 80% не ни знаат дека служат надвор од државата, бидејќи немаат време да излезат од нивните работни места. Начинот на кои што се оценувани на работното место е како за време на школувањето со оценки од 1 до 5. Што повеќе информатори со добри и корисни информации успеат да врбуваат толку нивната оценка е повисока, колку информацијата е поточна толку оценката расте. Офицерите на ГРУ секогаш работата како да е време на војна, така да мора секогаш да ги сработата сите работи на време и прецизно за разлика од нивните колеги од СВР кои што може работата да ја остават и недовршена или делумично довршена. Начниот на собирање на информации од страна на ГРУ е феноменален, бидејќи во еден случај во Јапонија група на млади офицери од ГРУ купуваат делови од продавница за електронска опрема „Акикхабара„ во нека купувале и делови од електронските воени воздухоплови на САД и западните држави. Секој еден дел купен и донесен во Русија за нив носело поени за повисоки оценки.

Дури и после падот на Комунизмот и доаѓање на власт на други структури како што е сегашниот бивш офицер на КГБ претседателот на Руската Федерација Владимир Путин, ГРУ успешно ја зачувуваат нивната тајност. Во 2001 година 8 Ноември е прогласен ден на военото разузнување , бидејќи Црвената Армија во 1918 година на тој ден ја создало првата единица за шпиунажа во нејзините ранкови .

III.7.2.1 Организациона поставеност на Руското Воено Разузнување

Руското воено разузнување е поделено на повеќе Директорати кои во себе содржат повеќе Дирекции и Секции.

Првиот Заменик Директор

Обично оваа должност ја држи Генерал – Полковник, и е одговорен за сите набавки за потребите на сите разузнувачки операции, освен тоа е одговорен и за работата на многу други главни директорати. И покрај многуте Директорати кој што се под него, 4(четири) Дирекции директно му одговараат нему и тоа :

- Првата Дирекција одговорна за агентско разузнување во регионот на главниот град Москва
- Втората Дирекција одговрна за агентско разузнување во Берлин
- Третата Дирекција одговорна за национално ослободителните движења
- Четвртата Дирекција одговорна за агентски операции од територијата на Куба.

Првиот Директорат

Првиот Директорат (агентско разузнување) созаден во средината на 80’те години, содржи 5 Дирекции за собирање на информации за Европските држави (Исток, Запад, Север, Југ и централна Дирекција) секоја дирекција има Секции кои што покриваат една држава.

Вториот Директорат

Вториот Директорат (фронтално разузнувње) има огромен број на Дирекции наменети за оперативно разузнувачко собирање и дисеминација во Западната Хемифера.

- Првата Дирекција го контролира тактичкото ниво на разузнување;
- Втората Дирекција го менаџира регрутирањето на агенти и развивање на агентурни мрежи во или во самата близина на реони одговорни за време на воени дејствија
- Третата Дирекција е одговорна за спетсназ операции во таргетираните земји.
- Четвртата Дирекција е одговорна за менаџирање на разузнувачи податоци и нивна анализа.
- Петата Дирекција е одговорна за (SIGINT) и (ELINT);
- Шестата Дирекција е за специјални намени , единици за телекомуникација одговорна за специјални сигнали ;
- Седмата Дирекција е одговорна за шифрирање и комуникациска безбедност.

Трет Директорат

Третиот Директорат има повеќе дирекции одговорни за оперативно разузнувачко собирање и дисемниација на разузнувачки информации во Азија.

Четврт Директорат

Четвртиот Директорат има повеќе дирекции одговорни за оперативно разузнувачко собирање и дисемниација на разузнувачки информации во Африка и на Блискиот Исток.

Петиот Директорат

Петиот Директорат го менаџира оперативното разузнување, и разузнувачките организации на фронтот, во флотите и воените области. Во Армијата, сите шефови на разузнувачките воени области се под директна контрола на шефот на Петиот Директорат. Сите шефови на единиците од поморските флоти се под директна одговорност на Петиот Директорат на ГРУ.

Шестиот Директорат

Шестиот Директорат, воден од Бригаден Генерал, е договорен за електронското разузнување. Ова значи сите незаконски собирања на информации од странските амбасади ширум светот, како и конторла на сите електронско разузнувачки реџименти. Исто така има контрола и врз електронското разузнување за потребите на единиците на земја, вода и воздух.

Директорат за Космичко Разузнување

Овој директорат е одговорен за собирање на информации до космосот или информации од просторот. Врши операци за разузнување на разни места за лансирање, центри за истражување, и центри за централна координација.

Поморско Разузнување

Главен на поморското разузнување е место за Контра Адмирал , кој е воедно и еден од замениците на директорот на ГРУ, иако оперативно се потчинети на Петиот Директорат, Поморското Разузнување само по себе има пет Дирекции :

- Дирекција за Поморско разузнување на Северната Флота
- Дирекција за Поморско разузнување на Пацифичката Флота
- Дирекција за Поморско разузнување на Црноморската Флота
- Дирекција за Поморско разузнување на Балтичката Флота
- Директорат за Козмичко - поморско разузнуње, одговорно за просторно разузнување на океаните.

Шеф за Информации

Позиција на која што е поставен Генерал Полковник, одговорен за Информациски Сервис, одговорен за процесуирање на информациите. Информацискатa команда, добива рапорти од агентите, технички системи за собирање на податоци, како и информации од дугри извори на ГРУ.

Седмиот Директорат

Иститот е одговорен за сите аспекти на НАТО, во себе содржи шест дирекции и секоја по себе е одговорна за собирање на ифнормации од специфични извори на НАТО штабовите ширум светот.

Осмиот Директорат

Одогворен е за изработка на студии за одредени држави како НАТО членки така и останати земји во светот од интерес на ГРУ.

Деветиот Директорат

Одговорен за извршување на студии за странски воени технологии, во блиска соработка и координација со домашните воени индустрии. Одговорни и за копирање и за изработка на контра вооружување за непријателските вооружувања и системи, воедно купува странски материјали и нивна експлатација.

Десетиот Директорат

Ги покрива странските воени економии, како нивното воено производство и продажба на системи и вооружување, така и економски безбедносни проблеми.

Единаесетиот Директорат

Единаесетиот Директорат е фокусиран на стратешки прашања од нуклеарната технологија, вклучувајќи ги и нивото на подготвеност и нивото на алармирање кај потенцијалните непријатели, како и поддршка на преговорите за контола и пролиферација на нуклеарното вооружување.

Дванаесетиот Директорат

Овој директорат иако представува енигма и се нема никакви информации за неговото функционирање број на персонал и број на Дирекции и Секции, исто

тако се нема информации во врска со неговото раководство. Но за време на отцепувањето на Кримеа од Украина, овој директорат бил многу активен и многу членови од останатите директорати соработувале со овој директорат. Се предпоставува дека се работи за директорат кој раководи со „Black Operations“ или „Covert Operations“ (Црни операции или Сокриени Нелегални Операции) односно операции кои што не се со покровителство и знаење на останатите разузнувачки и безбедносни институции во Русија и ширум светот.

Заменик Дирекот на Секторот за Политички прашања

Политичкиот сектор е одговорен за личната безбедност и доверливост на персоналот.

Заменик Дирекот за персонални прашања

Директоратот за персонал е одговорен за рекрутација, тренирање и професионален развој на персоналот во ГРУ.

Административно технички Директорат

Одговорен е за финасискиот менаџмент, вклучувајќи надворешни валути и останати важни средства за употреба во меѓународни операции.

Финансиски Директорат

Одговорен е за домашниот финансиски менаџмент, не вклучувајќи ги операциите во странство.

Оперативно технички Директорат

Овој дирекотрат е раководен од Бригаден Генерал, одговорен е за развивање на разузнувачки систем за собирање на информации. Работата се одвива на неколку научни институти и компании.

Прв Оддел на ГРУ

Одговорен е за сите аспекти на реплицирање на странски документи за идентификација за подршка на незакоските ГРУ операции, како што се странските пасоши.

Осми Оддел на ГРУ

Одговорен е за внатрешна безбедност во комуникациите во ГРУ.

Архива

Во неа се водат сите податоци за ГРУ, вклучувајќи персонални досие за персоналот, како и сите странски соработници и цели.

ГРУ/Спетсназ

Персоналот од секој воен дистрикт, група на сили или флота исто така содржат единици за разнузнување или РУ кои што се под директна субординација на ГРУ. Во помалите организациски единици на ранк на Армија или Флотиља постојат Оддели за Разузнување или РО кои што исто така се субординаирани на ГРУ. Во секоја копнена Армија, секоја дивизија има баталјони за разузнување кој што во своите редови содржат извидувачи и елементи за електронско разузнување.

ГРУ во својот органиграм нема единици за Специјални – намени под нивна јурисдикција, или поединици сите тие се потчинети на локалните воени области или флоти и нивните команди. Во времето на Советскиот сојуз најмалата органска единица на спетсназ била бригада. Секои воен дистрикт имал своја спетсназ бригада која што броела од 900 до 2000 специјалци. Секоја бригада имала своја команда, баталјон за врски, баталјон за поддршка на силите и баталјони за посебни намени, секоја броела од помалку од 200 до повеќе од 200 припадници.

Од Распаѓањето на Советскиот Сојуз , во втората половина на 1992 година, ГРУ специјалните оперативни групи останале во функција со 3 до 7 члени групи за собирање на разузнувачки информации како и директни миси позади непријателските линии. Овие ГРУ- спетсназ групи се обучени и за директни операции во меѓуетнички конфликти. Нивната главна улога во новите мобилни единици на Руските вооружени сили е да бидат дел од падобранските, поморските маринци, воздушни напади и авиотранспортни турпи, односно во сите единци да има по еден деташман од 3 до 7 ГРУ- спетсназ оперативци за разузнување и директно дејство против непријателските сили.

Во поновата историја, успехот за превземање на Крим се должи на одличната акција на ГРУ- спетсназ и нивната способност за брзо собирање на информации и распоредување на критичните статешки точки на полуостровот, за нивната работа добиле одликување од претседателот Путин, па дури се земени во консидерација за нивна понатамошна експанзија како најдобра разузнувачка служба во Русија.

Во операциите на Руските вооружени сили на територијата на Сирија, ГРУ – спетсназ се лидери во борбата против тероризмот, самата ГРУ го носи приматот за обука на неконвенционални трупи за спорведување на терористички напади со конвенционално и неконвенционално вооружување и орудиа(прлави бомби, мали тактички нуклеарни бомби „куфер – бомби“), се тврди дека еден од екстремистичките лидери во Чеченија е бивш припадник и експерт за обука на мали но моќни терорисички ќелии, па дури дека денешните терористички ќелии на Ал-Каеда, Ал – Шабаб, ИСИС работат и функционираат на тој начин.

Инфилтрираните ГРУ агенти во САД имаат за цел да ги пратат високите воени и највисоките државници во САД се со цел во случај на војна помеѓу двете држави, полесно да се распознаат како цели за понатамошна елиминација од страна на нивните ГРУ – спетсназ. Последна од попознатите нивни активности за кои се сомневаат властите во САД е нивната вмешаност во претседателските избори во САД во 2016 год. Во 2017 година вмешани се за време на претседателските избори во Франција, каде што преку лажни Facebook профили се представувале како луѓе вработени во кампањата на претседателот Маркон, со цел да се вмешаат или добијат информации значителни за нивната разузнувачка агенција.

Ова се само дел од причините за кои што се смета дека Руската ГРУ е најопасната разузнувачка формација во светот. Бројот на вработени во и за ГРУ е околу 400.000 лица, од кои 40.000 се спетсназ оперативци.[27]

[27] https://fas.org/irp/world/russia/gru/org.htm

За да се зборува дали е ефикасно разузнувањето во Русија треба да се напише цела книга од падовите на руското разузнување се до денешен ден. Последно од редицата разузнувачки операции е анексијата на Крим од Украина кон Русија, од тајна истите беа јавно пофалени од претседателот Путин. Последно од низата „јавни тајни“ за моќта на руската разузнувачка заедница би било вмешаноста во претседателските избори во САД во 2016 година. Со овие горенаведени податоци се гледа дека Руската разузнувачка заедница сеуште е помеѓу најмоќните во светото иаку за разлика од САД и Велика Британија располага со помал буџет и персонал.

III.8 Разузнувачи систем на КИНА

Главен носител на разузнувањето во КИНА е Военото Разузнување како дел од Генералштабот на Кинеската Народно Ослободителна Армија, поради тоа поголем акцент ќе дадеме на начинот на неговото функционирање.

III.8.1 Кинеско Воено Разузнување

Кинеското воено разузнување за разлика од сите горенаведени е најмалку застапено во публикации и он-лајн, сместена е во Генералштабот на Кинеската Народно Ослободителна Армија, во воените региони, повеќе Оддели во Кинеската Нардоно Ослободителна Армија, две служби и една автономна бранша како и PLA Navy(PLAN – Морнарица на Народно Ослободителната Армија), PLA Air Force (PLAAF – Воено воздухопловство на Народно Ослободителната Армија) и PLA Second Artillery Force (PLASAF – Втора Артилериска Војска на Народно Ослободителната Армија).

III.8.1.1 Вториот (Разузнувачки) Оддел во Генералштабот на Народно Ослободителната Армија

Одговорен е за собирање на воено разузнувачки информации. Нивните активности се состојат од воени аташеа во Кинеските амбасади ширум светот, тајни агенти кој што користат разно разни бизнис покритија(странски инвеститори, банкараски инвеститори итн..) со цел собирање на информации од

странските војски и анализи на информации јавно објавени во странските држави. Вториот Оддел ги надгледува военото човечко – разузнување(HUMIT), на големи користи јавно достапни информации (OSINT), ги спојува HUMIT и SIGINT разузнувањето, IMINT и врши дисеминација и дистрибуција на готови разузувачи податоци на CMC (Central Military Comity – Централниот Воен Комитет) како и на останати корисници во државниот апарат. Носител на аналитиката во Вториот Оддел е Бирото за Аналитика кое во себе го соддржи Националниот Набљудувачки Центар, кој што по себе представува главно ниво за индикации и предупредување. Бирото за аналитика има под себе во сите регионални воени области регионални канцеларии за аналитика кој што работата на продлабочување на првично добиената анализа. Иако традиционално Вториот оддел се занимава со собирање на воено разузнувачки информации, во последно време по теркот на Руското Воено Разузнување се почесто се занимава со собирање на информации научни и технолошки достигнувања на Западот.

Институтот за Истражување е под Вториот Оддел е јавно познат како Институт за Меѓународни Стратешки Студии, и неговата внатрешна класифицирана публикација „Движење на странските Армии„ (WAI JUN DONGTAI) излегува во тираж секој 10 дена и е дистрибуиран до единици на ниво на дивизија.

Институтот за Меѓународни Односи на Народно Ослободителната Армија во Нанинг е исто така под Вториот Оддел на Генералштабот и е одговорен за тренирање на воените аташеа , помошници на воени аташеа и останат персонал во канцеларијата за врски на воените аташеа како и тајни агенти кој што ќе бидат упатени на работа во странство. Исто така врши поддршка и подготовка на

старешините од военото разузнување во сите воени региони и Армии. Институтот за Меѓународни односи порано бил дел од Институтот за Странски Јазици, но поттоа се дели на два дела, еден во Бежинг кој е исто така наречен Колеџ за Надворешни работи и е под Министерството за Надворешни работи истиот не се занимава со тренирање на кадри за разузнување. Инстиутот во Нанинг пак останува со деноминацијата Институт за Меѓународни Односи и не вработува странски професори со цел оперативците во амбасадите и тајните агенти, кога ќе заминат во странство да не бидат откриени.

Персоналот професионално ангажиран на воените академии и Институти под покровителство на Вторио Оддел на Генералштабот имаат повеќе шанси да работат и да се школуваат во странство, или на колеџи за напредни студии, или како дел од канцеларијата на воениот аташе како разузнувачи со претекст „Воена Дипломатија„ , истите се додека не бидат фатени во вршење на одредени субверзивни активности, се сметаат за добви „воени дипломати„. Некои Бироа под Вториот Оддел кој што се одговорни за шпиунажа во различни делови на светот. Првото биро за разузнување е одговорно за собирање на информации во Тајван и Хонг Конг, агентите се инфилтрирани во Компании како China Resources Group или Everbright Group, Bank of China Group и други локални коорпораци со цел да бидат покриени со бизнис идентитет. Разузнувачката група „Есенска Орхидеа„ работи во Хонг Конг и Макао , работи во медиуми, политички елити, индустрија, комерцијални и религиозни групи, колеџи и универзитети. Нивната главна разунувачка дејносто е следна:

1. Да превземаат информации за наклонетоста на политичките елити во Хонг Конг и Макао, како и нивниот поглед кон големите проблеми со Кина, тоа го вршат преку социјални контакти и преку информации добиени директно преку нив.
2. Врши собирање на информации за работата на останатите странски дипломатски представништва, како и следење на странските финансиски, индустриски и комерцијални организации. Нивните намери и капацитети.
3. Директно инволвирање и добивање на информации од прва рака од локалните медиуми, политички, воени , економски и други развои во овие држави. Намерно објавување на лажни политички и воени информации преку јавните медиуми во кој што работат со цел да видат какво влијание тоа ќе има на развојот на настаните на странските држави.

III.8.1.2 Третиот Оддел на Генералштабот на Народно Ослободителната Армија

Одговорен е за следење на телокомуникациите на странските армии и изработка на целосни извештаи врз основа на собраните информации. Комуникациските станици кој што се поставени во разните воени области и поголемите воени региони не се под јурисдикција на областите и регионите , туку директно одговараат на Третиот Оддел на Генералштабот. Никој освен

персоналот од Третиот Оддел немаат право на пристап кон станиците, целото планирање и буџетирање оди преку Третиот Оддел и немаат допирни точки со локалните воени групации и трупи. Кина ја поседува најголемата SIGINT мрежа од сите земји во Азиско – Пацифичкиот регион. SIGINT системите вклучуваат неколку станици на земјата, бродови, камиони и воздухопловни систем. Проценката е дека овој Оддел има околу 20.000 вработени. Овој оддел под себе има и центар за странски јазици ЛУОЈАНГ, каде што сите кадети кој што работат или ќе работат на разните SIGINT станици и системи специјализираат по еден или повеќе странски јазици. По завршувањето на школувањето истите се распоредуваат во сите делови на Кина дури и во тешко – пристапни предели и станици. Освен што целата земја е покриена со овие станици, и истите допринесуваат за добивање на многу информации преку пресретнување на комуникациите како за потребите не Централната Воена Комисија така и за потребире не Генералштабот, што е уште поважно мрежата е така поставена да сите жичени и безжични локални и национални комуникации се прислушкувани и следени поради национална безбедност. Со ова не само што ја зголемуваат националната безбедност туку овозможуваат и подобра контрола на воените зони и региони како и сите Армии на Кинеската Народно Ослободителна Армија. Познато е дека дел од станиците се наоѓаат и надвор од територијата на Кина, па дури во Европа и територијата на САД. Соработуваат со Морнарицата за уредите за SIGINT разузнувачки уреди на бродовите.

III.8.1.3 Четвртиот Оддел на Генералштабот на Народно Ослободителната Армија

Овој Оддел е одговорен за Електронски Контра мерки и Радарски системи, и е целосно посветен на ELINT, истото го врши преку SIGINT системите и станиците ширум светот. Користејќи ја целата мрежа на национално и меѓународно ниво, да соберат податоци и создадат база на податоци за понатамошно користење. Под овој оддел се наоѓа Инситутот за Електронска Опрема, кој што врши изработка на електронска опрема за потребите на Поморските, Возухопловните и Пешадиските единици , како и надргадување на ситемите за SIGINT разузнување. Институтот го поддржува и развојот на Одделот за Контра Електронски Мерки во развивање на дигитални сигнал Процесори за анализа на параметрите на радарското зрачење. [28]

Кина во изминативе години поминува низ фаза на реструкуација, односно на налалување на персоналот и командите и единиците за разузнување, но ги зголемуваат своите техничко – технолошки капацитети и зголемување на буџетото за HUMIT операции. Со тоа во иднина ќе се зголеми нивната ефикасност и ефективност.

[28] China reorients strategic military intelligence, *http://magazines.ihs.com/*

III.9 Разузнавачки систем на РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Институциите кои спаѓаат во безбедносниот сектор на Република Македонија во рамките на системот на поделба на власта, условно може да се поделат според следните критериуми: а) вршење на работи од областа на одбраната и безбедноста, поседување на посебни овластувања и легитимации за вршење на дејноста и б) остварување безбедносен менаџмент и демократска контрола над безбедносниот сектор. Поаѓајќи од овие критериуми, во рамките на извршната власт во Република Македонија структурата на безбедносниот сектор ја сочинуваат следните институции:

Темелни институции на безбедносниот сектор: МВР и МО;

2.Останати државни милитаризирани институции: МФ, МЗШВ;

3.Институциите на безбедносен менаџмент и надзор, вклучително и демократска и цивилна контрола над безбедносниот сектор и;

4.Институции кои ја сочинуваат приватната безбедност во Република Македонија.

III.9.1 АГЕНЦИЈА ЗА РАЗУЗНАВАЊЕ НА РМ

Агенцијата за разузнавање на РМ, основана е со Закон во 1995 година. Во надлежност на Агенцијата за разузнавање спаѓа собирањето податоци и информации од значење за безбедноста и одбраната на Република

Македонија и стопанските, политичките и другите интереси на државата. Агенцијата е должна да врши анализи и истражувања на податоците и информациите и во врска со тоа, да ги известува претстедателот на државата, Владата и другите државни органи, за прашања од значење за нивниот делокруг. Со Агенцијата за разузнавање раководи директор, кој е именуван и разрешуван од страна на претседателот на државата. Мандатот на директорот е четири години. Директорот на Агенцијата за разузнавање, за својата работа и работата на Агенцијата, му одговара на претседателот на државата, но од него одговорност може да побара и Владата на Република Македонија. Во Агенцијата за разузнавање формирани се организациски единици, согласно традиционалната структура во ваквите институции, а имено, за оперативни, оперативно-технички работи, аналитички работи, материјално- финансиски и правни работи и работи од областа на заштитата и внатрешната контрола. Надзор врз работата на Агенцијата за разузнавање обавува Собранието на Република Македонија преку Комисијата за надзор над работата на Агенцијата за разузнавање и Управата за безбедност и контраразу знавање. Оваа Комисија, доставува извештај еднаш годишно до Собранието на Република Македонија. Заклучоците во врска со извештајот на Комисијата, Собранието на Република Македонија ги доставува до претседателот на државата и до Владата на Република Македонија.[29]

[29] Козарев А., Парламентарна контрола и надзор над безбедносниот сектор во Република Македонија, Скопје, 2011 година, стр. 43.

III.9.2 ССВБиР СекторВоена Служба за Безбедност и Разузнување

Сместена во рамките на Министерството за одбрана, ССВБиР доби мандат и надлежност со донесувањето на Законот за одбрана во 1992 година кој беше заменет со Законот за одбрана во 2001 година во кој е подетално образложено нејзиното дејствување.

Кога Агенцијата за разузнавање започна со работа во 1997, разузнавачкиот сегмент на ССВБиР се префрли во оваа безбедносно-разузнавачка служба додека одделението за контраразузнавање остана во рамките на МО. Меѓутоа таквата структура не покажа задоволителни резултати, па затоа военото разузнавање беше вратено во МО.

Како дополнение на разузнавачките и контраразузнавачките одделенија, во ССВБиР е вклучено и административно одделение за анализа, логистика и финансии, како и истражно одделение во чијашто надлежност се криминалните активности.

ССВБиР исто така, е овластена да следи комуникации за дела кои се однесуваат на воените сили и државата (вооружен напад против државата или против нејзиниот безбедносен систем).

Меѓутоа, со Законот е пропишано дека ССВБиР може да дејствува само на следниве радиобранови (високи фреквенции – HF, многу високи фреквенции – VHF и ултрависоки фреквенции – UHF) кои се својствени исклучиво за потребите на одбраната. Иако македонската воена полиција е подредена на Генералштабот, тие исто така ѝ помагаат на ССВБиР. Министерот за одбрана го назначува шефот

на ССВБиР, кој одговора и пред министерот и пред претседателот. Кога Македонија учествува во меѓународни мировни мисии од воен карактер, ССВБиР придонесува со својот кадар. Како што е утврдено со Законот за одбрана од 2001 година, делокругот на работа на ССВБиР опфаќа:

- собирање, документирање и анализирање разузнавачки податоци важни за националната одбрана;
- откривање и спречување субверзивни активности кои потекнуваат од странски разузнавачки агенции или други меѓународни групи (како терористички организации) важни за националната одбрана;
- заштита на вооружените сили;

  заштита на доверливи информации од одбраната[30]

III.9.3 Секција Ј-2 на Генералштабот на Армијата на Република Македонија

- Собирање, анализирање и произведување на разузнавачки производи, за заштита на територјалниот интегритет, независноста и пошироките интереси на Р. Македонија, согласно Уставот, Законот за одбрана и националната концепција за безбедност и одбрана на Р.Македонија;

[30] http://www.analyticamk.org/images/stories/files/report/r01_mak.pdf

- Собирање, анализирање и произведување на разузнавачки производи, потребни за учество со декларирани сили во операции за подршка на мирот и превенција на конфликти предводени од НАТО;
- Разузнавачка подршка на хуманитарни операции и операции за подршка на мирот при справување со природни катастрофи и хуманитарни кризи.

1. **Воено разузнавање:**

- Планира, организира и спроведува разузнавачка подршка за потребите на ГШ на АРМ, потребни за донесување одлуки при употреба на АРМ во различни видови операции во Р.Македонија и странство;
- Менаџмент со разузнавачки информации за потребите на ГШ на АРМ во подготовка, планирање и изведување на различни видови операции;
- Планирање, координација и синхронизација на разузнавачки операции во подчинетите команди и единици и
- Планира, организира и спроведува РПБП за воени и операции различни од воените во Р.Македонија и во странство.

2. **Контраразузнавање:**

- Планира, организира и спроведува мерки за КРз во АРМ;
- Детектира непријателско разузнавачки капацитети за собирање податоци;
- Увид во можностите на непријателското разузнавање за попречување на непријателското влијание;

- Обезбедува КРз операции заради заштита на силите.

3. Безбедност:

- Увид во критичните точки на Физ.безбедност;
- Координација и извршување на безб.проверка и контрола.

4. Штабно планирање:

- Подршка на процесот на планирање и донесување на одлуки;
- Подршка на процесот на планирање и одржување на функционални врски со ВСБиР со цел обезбедување на квалитетни разузнавачки податоци и анализи;
- Подршка на задачите и обврските од доменот на работата на ГШ со кои се подржува мисијата;
- Одговара за планирање и извршување на заштита на разузнавачки вежби;
- Планови за обука;
- Тренинг и обука на потчинетите.[31]

Во Македонија во моментот се врши реструктуација односно нова формација на разузнувачките агенции, со цел зголемување на капацитетите за офанзивно дејствување, не само заштита на силите на домашна територија.

[31] http://www.arm.mil.mk/baza/edinici/gs/gs_j-2_index.html

ГЛАВА IV

НАТО - доктрина, стандардите и процедурите во разузнувањето

IV.1 Историски факти и податиоци за начнинот на функционирање и промените во НАТО разузнувањето од времето на Студената војна до денеска.

Разузнувањето во НАТО како мисија се спроведува преку националните разузнувачки – агенции на земјите членки и командантите на здружените единици на НАТО, распоредени ширум светот. Обезбедувањето на стратегиски разузнувачки информации се врши во рамките на меѓународниот воен штаб, односно Секторот за разнузнување, кој секојдневно ги информира генералниот секретар, Северноатлантскиот Совет/Комитет за планирање на одбраната, Воениот Комитет, Политичкиот комитет и Центарот за пролиферација на оружјето за масовно унишутање. Не постои независна разузнувачка функција или капацитет, Секторот за разузнување на НАТО дејстувава како кооридинативно тело, при што врши собирање, проценка и доставување на разузнувачките информации до конзумерите во седиштето на НАТО и организациските единици кои ги користат неговите производи (командите, единиците, агенциите, земјите)

[32]После 9/11 нешто драстично требало да се смени во структурата на НАТО се со цел побрз проток на информации и намалена бирократија при соработка со различните агенции, држави и нивнитот начини на собирање и дисеминација на разузнувачките податоци. Сето ова морало да се случи без драстично да се сменат стандардизираните процедури.

IV.2 Нови предизвици за НАТО разузнувањето

Традиционално постојат 3 нивоа на Разузнување (дури како такво секогаш било вештачко), како и да е сега имаме ново ниво, четврто кое има влијание на разузнувачките операции и предвидувања.

- **Стратешко Разузнување** е едноставно политичко разузнување и голема – скала предвидува можни антагонизми или непријателски влади, и вообичаено е подцртано и генерализирано сегашни и идни политички збиднувања. Военото стратешко ниво вклучува WMD(Weapons of Mass Destruction – Оружја за масовно уништување), распоред на силите и нивниот капацитет и сила, и нивното можно инволвирање во дадена криза или конфликт. Стратешкото разузнување е фундаментално на ФАЗА 1 на можна интервенција/ процес на планирање на можни борбени дејствија[33].
- **Оперативно разузнување** е „моментално разузнување“, скроено за потребите на ангажираните трупи, во него ги содржи сите аспекти на

[32] НАТО, прирачник за НАТО, Брисел 2001 год

[33] John G. Heidenrich: The State of Strategic Intelligence. CSI, CIA Home Library, June 8, 2008, 24 pages; The Blueprint for the U.S. National Intelligence Strategy, Sept. 16, 2009. Director of National Intelligence Dennis C. Blair identified these aims of national security policy and strategic intelligence: Combat Violent Extremism; Counter WMD Proliferation; Provide Strategic Intelligence and Warning; Integrate Counterintelligence Capabilities; Enhance Cybersecurity; Support Current Operations.

непријателот, како лидершип, организација на сили, дислокација, подготвеност, мобилизација, странски добавувачи и можни технички капацитети, и е потребно за оперативна проценка на непријателските сили и останати податоци потребни за ФАЗА 2 планирање и употреба на силите. Географски ја опфаќа целата зона на операции, со се политичката ситуација, социјално – културен аспект, обично се подготвува од страна на воени и цивилни експерти. Сегашните операции и оперативното разузнување во нив ќе содржат промена на воени команди, нови видови на единици (BTC – Brigade Combat Teams – Бригадиски Борбени Тимови) поддржани од Групи за асиметрично војување или AWG(Asymmetric Warfare Groups) за асистирање во специјални зони за борба, REF (Rapid Equipping Force – Сили за брзо опремување) кое ќе и дава во специјална зона поддршка за специјаните потреби на BTC и военото воздухопловство.

- **Тактичкото разузнување** е „сегашно моментално разузнување“ треба и се добива од трупите кои што се на терен за време на ФАЗА 3 (тактички операции) во разни видови на војни, хибридни војни. Тоа е комбинација на оперативно информирање плус тактички податоци и случувања, вклучувајќи податоци на непријателски сили, противтерористички потреби, однесување на локналното население, тероризам и мафијашки пресметки, но и бара нови закани, дупки во одбраната на пријателските сили, и лошата тактичка проценка на непријателските сили, локални политички и етинички збиднувања, и проблеми при градење на државата. Тактичкото разузнување сега добива НАТО NC3A (Consultation, Command

and Control Agency – Агенција за Консултација, Команда и Контрола) поддршка, како комуникации, специфични разузнувачки мрежи и познавање на ситуацијата. Сега разузнувањето е поддржано и од MAJIIC (Multisensor Aerospace-Ground Interoperable ISR Coalition Network – Мултисензорска Авиациско-Пешадиска Интероперабилна Коалициска Мрежа)[34].

- **Сеопфатно разузнување** во себе содржи хибридни воени спецификации, и ФАЗА 4 операции(помирување, окупирање, национално градење/цивилна поддршка, повлекување на силите). Има потреба од сеопфатно придобивање, поддршка на CIMIC (Civil-Military Country Teams and Cooperation – Цивилно - Воени Тимови за Кооперација на Земјата) и мали тимови за HTT(Human Terrain Teams – Човечки тимови за терен) за контакт со локалните авторитети, плус кооперација со невладините организации. Планирањето за градење на државата треба да започнат (ФАЗА 1 и 2) за време на стратешкото и оперативното планирање, така да пред време на интервенцијата. Национално градење/градење на општеството треба да започне кога борбените операции (ФАЗА 3) одат во надолна линија односно борбените операции завршуваат [35] . Културолошкото разузнување е сега вклучено во прирачници за сите

[34] Dag Wilhelmsen: We are looking to C4ISR to develop our operational and security environment, JDW, 25. Feb. 2009, p. 34. The work of NC3A includes a better Joint Common Operational Picture (JCOP) and recommends improved control of blue force-units (blue force tracking) with the new NATO Friendly Force Interface (NFFI). See: Kris Osborn; NATO Seeks To Link Members` Blue-Force Tracking, Defense News, Aug 4, 2008, p. 6.

[35] See also FM 3.24 Counterinsurgency, and comments on further research projects. Many sources, see: Steven L. Bullimore: The Military's Role in Nation Building: Peace and Stability Operations Redefined. U.S. Army War College, Carlisle, PA, March 2006.

видови на операции како операции за стабилност, за подршка на мирот, и тактики (да се види ФМ 3.0 Операции и ФМ 3.24 Контрабунтовништво[36] итн.)[37]. Одложувањето „освојување на срцата и умовите„ – работи се до 4 ФАЗА сега се гледа како покана кон катастрофа и може кратката војна да ја претвори во сценарио за долга војна.

Во сите разузнувачки категории, навремено и прецизно разузнување е фондацијата за успех на операцијата. Кога пукањето започнува, тактичкото и HUMIT разузнување се многу поважни од стратешкото разузнување. TECHINT или SIGINT се главно за поддршка, набљудувањето и извидувањето носат додатни инфорамции за ситуацијата на терен. Следењето на сопствените сили е многу важно бидејќи помага да се избегнат несакани ситуации и конфузија, за да не дојде до пријателски оган. Проблемот не е ниту во HUMIT или TECHINT, туку е комбинација од двете.

[36] FM 3-24, Counterinsurgency, Department of the Army, Washington, DC, 2006. The way the FM 3.24 is implemented was described by the author in ÖMZ

[37] Kris Osborn: U.S. Army Taps Cultural Intelligence, Defense News, April 7, 2008, p. 42. However, cultural intelligence goes back to 1942, when the OSS used social sciences in OSS intelligence which included political science, economics, statistics, history, social psychology, sociology, anthropology, geography, moral of public, government, political institutions, social structures and institutions, ethics and customs, population, health and sanitation, natural resources, agriculture, finances, national aspirations, terrain and climate, transportation. Source: OSS Descriptive Intelligence, graphic, 1942, no further data.

IV.2.1 Хибридни војни

Интервенциите на вооружените сили на САД и НАТО во Сомалија, Авганистан и Ирак беа неизбежни војни, кои што се хибрид или друг начин на закана, карактеризирани со немање или JUS IN BELLO или JUS AD BELLUM(правилата на договорот од Хаг или од било која од Женевските конвеции), не се гледа ни мир ни војна, тоа е микс од регуларна/конвенционална и иррегуларна/неконвенционална војна со асиметични напади плус цивилна војна. Мирни зони постојат до борбени зони, но можат да станат воени зони повторно или да бидат цел на терористички напади од други фракции во војната.



Слика бр. 1 Новите закани со кои се справуваат силите за интервенција се микс од конвенционални асиметрични непријателски формации каде што регуларните сили се мешаат со ирегуларни сили и терористи

Извор: ***IAS*** **- Institut für Außen- und Sicherheitspolitik Center for Foreign and Defense Policy стр.15 публикација 2016 година**

Хибридната војна е без граници, нема декларација на војна, нема формален крај на војната или мировен договор. Нема дистинкција помеѓу војник, цивил, терорист, бунтовник, религиозен фанатик или криминалци убијци. Хибридната војна вклучува тероризам и сајбер војна, и може да трае со декади и повеќе. Традиционалната војна, нејзиниот центар на гравитација е кон владата на непријателот и војската, ирегуларната војна или хибридна војна е повеќе фокусирана кон популацијата(која од двете страни треба да биде

земена во предвид како парцијално непријателска). Влада и нејзините воени формации поддржани од сојузничките сили обично ќе биде цел на напади. Ирегуларната војна нема центар на гравитација односно нема прецизна цел. Хибридната војна има драматичен учинок кон разузнувањето. Контра-бунтовничките операции и тактики се главни алатки за водење на таква војна. Базирани се на добра тактичко/сеопфатно разузнување, и побарува константна комуникација со населението.

Владата на САД и новите воени лидери на CENTCOM генералите Давид Петреус, Станли МекКристал и Раејмонд Одиерно, и нивната нова стратегија и нови прирачници како што се ФМ 3-24 или АФДД 2-3 ни се за потсетување дека знаењето и искуството победуваат и во противбунтовничка борба, создадени во Втората Светска војна и Војната во Виетнам но тотално заборевени.



Слика бр.2 Моментална поврзаност на Политичко – Стратешко, Оперативно, Тактичко и Сеопфатното Разузнување во НАТО

Извор: ***IAS*** **- Institut für Außen- und Sicherheitspolitik Center for Foreign and Defense Policy стр.16 публикација 2016 година**

IV.2.2 Долга војна – Кратка војна

Една типична грешка на сите планирачи на војни е асумпцијата дека следната воја ќе биде кратка и после војната животот ќе продолжи без проблеми и трупите ќе си заминат дома. Фактички не е така повеќе од 60 години, Војните во Кореа и Виетнам или сега Ирак и Авганистан, па дури и Сирија изгледаа како обични воени интервенции од 90те години како војната на голфот или бомбардирањето на Србија во 1999, но ништо не е така , иако големите воени дејствја завршија сеуште тие места се жаришта на можни нови ескалации и дури од поголеми размери на блискиот Исток. Војната во Сомалија немаше почеток а уште подалеку е крајот.

IV.3 Разузнувачката Организација на НАТО

IV.3.1 Политичко – стратешко ниво

Кога зборуваме за „НАТО стратегија“, има разлика помеѓу (а) закони и стратегија на една страна и (б) воена стратегија и стратешки операции на другата страна.

Денеска, стратешкото ниво на НАТО е разделено помеѓу АСТ (Allied Command Transformation – Здружена трансформациска команда) сместена во Норфолк, Вирџинија. Која е институција за трансформација на трупите и советување, и Европските институции во Брисел (Северно Атлантскиот Совет и стафот) и Монс(SHAPE).

АТС е сместена веднаш до U.S Joint Forces Command – Здржена Оперативна Команда на САД (USJFCOM) наменета за трансформација, имплементација и создавање на сили за НАТО. АТС покрај голем број на елементи во Европа, ќелија за Стратешки Концепт, едно Законодавна интероперабилност, и Здружен Воен Центар за копно, воздух и вода. Разузнувањето се дебатира во Бордот за Разузнување кој што исто така се наоѓа во Норфолк. Но финалните политички или стратешки одлуки се носат во NAC (North Atlantic Council – Северно Атлантски Совет), со сите земји членки. NAC е највисоко политичко тело во НАТО, во кој што членуваат претседателите на државите и министрите или секретарите за одбрана. Има перманенетен комитет од рапрезентанти кои што се среќаваат еднаш неделно. Перманентни институции во Брисел се:

- Меѓунариодниот Персонал. Тоа е персоналот на генералниот секретар на НАТО, со осум офицери;
- Групата за Одбрамбено Планирање
- Групата за Нуклеарно Планирање
- Воениот Комитет, кој е составен од Началниците на генералштабот на државите членки на НАТО. Овој комитет одржува постојано представувачко тело со офицери од понизок ранг, кои што се среќаваат еднаш неделно најмалку еднаш месечно. Воениот Комитет ги прати политиките на NAC и ги имплементира сите решениа на Групата за Одбрамбено и Групата за Нуклеарно планирање. Персоналот на Воениот комитет се:
    - Меѓународен Воен Персонал (IMS) со Дивизијата за Разузнување;

- IMS рапортира дупки во разузнувањето на НАТО членките и побарува кои податоци да бидат доставени;
- Има функција на водич за останати дурги канцеларии и работни групи како:
    - Канцеларијата за безбедност (кој е одговорен за инфраструктурата и огранизационата безбедност и безбедносни прашања на НАТО Главната команда и инсталации);
    - Специјалниот комитет (кој ги дискутира сите аспекти на НАТО безбедноста);
    - Комитетот за разузнување (кој што представува советнички борд во поглед на шпиунажа, контра-шпиунажа и други закани кои можат да го загрозат НАТО, но исто така ги поканува и сите главни на разузнувачките агенции на НАТО земјите членки на повремени состаноци и дава насоки за размена на податоци за терористички активности)
    - Разузнувачкиот систем за тревожење и единицата за терористички закани (креирана во 2000 година) со систем за разузнувачо тревожење(NIWS – Intelligence Warning System) кое пак раководи со единицата за терористички закани (TTIU – Terrorist Threat Intelligence Unit)

- SAR (Situation Awareness Room) – Соба за ситуационо знаење, кое ги мониториа сите кризи кои што се некаде во светот или започнуваат некаде во светот, исто така ги прифаќа дојдовните пораки.
- PfP Intelligence Liaison Unit (ILU) – Разузнувачка соработувачка единица на земјите партнер за соработка, базирана е на (PAP-T Partnership Action Plan against Terrorism – Партнерски акционен план против тероризмот, оваа единица и овој партнерски акционен план е создаден во 2004 гоидна во самитот во Истамбул и е форум за информации, консултации и размена на разузнувачки податоци.

Владата на САД препорача билатерални договори (додатно на НАТО одлуката) за да се избегнат некои легални или политчки пречки или проблеми. [38] Новонастанатата ситуација ги вклучува и следните:

- НАТО и предложи на Европската Воена Команда во Брисел да најде начин за подобра соработка со НАТО, и да премине преку Европскиот отпор за поблиска соработка со НАТО. Оваа соработка го вклучува и разузнувањето
- НАТО воспостави линкови со INTERPOL и EUROPOL.
- НАТО воспостави соработка со додатни команди на вооружените сили на САД како SOCOM, FORCECOM, CENTCOM, SOUTHCOM и AFRICOM.

[38] Sebastian Sprenger: NATO Scrambling to Improve Intel Sharing, But Obstacles Remain. World Politics Review, Inside the Pentagon, 26 Oct 2006, http:://www.worldpoliticsreview.com/Article.aspx?id=296.

IV.3.2 Воено – Старатешко ниво

Разузнувачката Дивизија во IMS

Разузнувачката Дивизија е одговорна за Стратешко разузнвување, прави проценка, создава разузнувачки правила, раководи до базите за дигитално разузнување, и дава разузнувачки регулативи, електорнски и администативни формати, и информациски сервис на земјите членки на НАТО. Исто така врши и стратешко тревожење и поддршка за кризен менаџмент. Во себе содржи :

- Бранша за проценка
- Бранша за сегашно разузнување и предупредување
- Бранша за Документирање и разузнувачка Архитектура

Дава совети на Воениот Комитет(MC – Military Committee) и на Меѓународниот воен персонал (IMS) во врска со стратешкото разузнување и останати теми, и дава поддршка на Здружената Оперативна Команда. Исто така представува место каде што сите директори и шефои на воено разузнувачките и останати разузнувачки агенции на НАТО се среќаваат. Овакви состаноци и средби се прават понекогаш и со главните на разузнувањата на земјите припадничи на партнерството за мир.



Слика бр.3 Разузнувачката Бранша на IMS на НАТО е главно ангажирана во координација на разузнувањето помеѓу земјите членки и им дава стратешко предупредување на Воениот Комитет и на SHAPE/ACO/J2

Извор: ***IAS*** **- Institut für Außen- und Sicherheitspolitik Center for Foreign and Defense Policy стр.32 публикација 2016 година**

Разузнувачката Дивизија ги пишува своите сознаниа, кои што се дистрибуирани до другите дивизии на IMS и до Воениот Комитет, и го поддржува НАТО Ситуациониот Центар, Комитетот за Планирање на Одбраната и АСЕ.

Разузнувачката Дивизија добива инфорамции во врска со Групата за Нуклеарно Планирање, НАТО Воздушно – одбрамбен Комитет, НАТО С3А, НАТО С3Б, НАТО Директоратот за Вооружување, НАТО Советничкиот Комитетот за

Електронско Војување, EW – Работна Група и Директоратот на НАТО за Технологија и Истражување.

ACO (Allied Command Operations) - Операциите на Здружената Команда

ACO, исто како и SHAPE во Монс Белгија, се под команда SAUCER (Supreme Headquarters Allied Powers Europe – Супремна Команда на Сојузникчките сили Европа), која што е дупла како Commander EUCOM. SHAPE е воено-стратешкото ниво и воедно е највисоко оперативно ниво на НАТО. Нивото на SAUCER не ги дели воената стратегија и операционото планирање, затоа и нема разлика помеѓу стратешкото и оперативното разузнување.

SAUCER има Заменик на SAUCER обично генерал со 4 звезди од Обединетото Кралство и еден Началник на Штабот исто така генерал со 4 звезди од Германија. Шабот има (следејќи го штабот на САД) девет штабни должности или гранки (од J-1 до J-9), кој што се обично најдени исто така во оперативните и како компоненти на командите воздух, земја и поморските суб-командни нивоа.



Слика бр.4 Разузнувањето е потребно во сите фази на интревенција

Извор: ***IAS*** **- Institut für Außen- und Sicherheitspolitik Center for Foreign and Defense Policy стр.33 публикација 2016 година**

IV.3.3 SHAPE J2

J2 во SHAPE кое се занимава со Военото Разузнување, и е канцеларијата за подготовка на стратешко и „оперативно“ разнузнување за сите видови на операции во кои што е инволвирана НАТО, менаџира со влез и излез на податоци и се занимава со безбедноста на персоналот во командите на НАТО ширум светот. SHAPE J2 има надгледувачки авторитет на пониските нивоа J2/Г2/А2 елементи од персонал, единици во мисии ширум светот било тоа заеднички од разни бранши или заеднички од различни земји, и има во Монс SITUATIONS CELL (Ќелија за Ситуации) за компјутерско асистирано НАТО Разузнувачки Домаин податоци, кои што и дава на НАТО информации преку BICES(Battlefield Information and Collection Exploitation System – Ситем за експлотација на инфромации и нивно собирање на бојното поле), кој што систем е создаден во 1997/1998 година за да служи на EUCOM LOCE – system (Linked Operational Intelligence Centers Europe – Поврзани Европски Центри за Оперативно Разузнување) кој што систем моментално опслужува околу 2200 корисници. Исто така е поврзан на НАТО Fusion Center (Поврзувачки центар) и на U.S CENTRIX (Combined Enterprise Regional Information Exchange System – Комбиниран Регионален Систем за Размена на Информации) и на Тајниот Интернет Протокол (SIRP – Secret Internet Protocol) мрежа, која е воедно глобална крипто мрежа за размена на податоци на силите на САД. J2 исто така има голем број на работни групи кој што се занимаваат со разузнувачки материјали, како проценки, нови технологии, разузнувачки податоци, комуникациска безбедност, давање на

предупредувања, специјално разузнување и многу под групи за копнените, поморските и воздухопловните разузнувачки проблеми.

IV.3.4 НАТО Разузнувачка Организација - Оперативно Ниво

НАТО одржува три Здружени Команди за Силите и неколку компонентни команди, кои што се структуирани долж географските линии, или представуваат земја, воздух и поморски елементи. Секоја од овие команди има J2/Г2/А2 секција во персоналот. Ова ниво е сега главниот носите за разузнувачка поддршка за силите во мисија и силите во матичните земји на НАТО. Силите на НАТО кои што обично се на мисии ширум светот (на пр. Авганистан) обично имаат заеднички Разузнувачки Центри (JIC – Joint Intelligence Center).

IV.3.5 НАТО Разузнувачка Организација- Тактичко Ниво

Дури и кога НАТО „официјално“ не дава јавни информации за нејзините разузнувачки дејствија, има многу публикации за минати искуства и пропусти, како што се рапортите после акција (After Action Review), кој што се занимаваат со разузнувачки проблеми на Балканот, Сомалија ,Авганистан, Ирак или каде што НАТО бил ангажиран на мисија или со некоја друга цел. Од извори на НАТО дека многу од информациите може да се добијат на многу лесен начин , и можат да се соберат пред време со отворени средства, и така НАТО пред неколку години започна со собирање на информации од отворени разузнувачки извори (OSINT – Open Sources Intelligence – Разузнување од отворени извори) кои што носат и до 85% од потребните информации. Но командантите во Авганистан и Ирак денес

имаат потреба од Ад-хок/релно време тактичко разузнување. Таквото разузнување е ретко Стратешкото Разузнување но главно е Оперативно Разузнување на Борбеното Поле, Тактичко (Приоритетно) Разузнување (Очите на целта), плус (после – дејство) BDA (Battle Damage Assessment – Проценка на штетата после битка).

Собирањето на разунувачки информации сеуште ги следи традниционалните циклуси на насока (кои се проблемите, обично „стратешко“ одлучување), собирање, процесирање и дисеминација(кое што вклучува анализирање и проценка) и на крај носење на одлука (CPD&D – Collecting, Processing, Dissemination and Decisionmaking), базирано на набљудувај, оријентирај, одлучи и дејствувај (OODA – Observe, Orient, Decide, Act). Проблеми се јавуваат на секое ниво: лоша насока, погрешно или пропуштено собирање на информации и погрешна анализа, погрешна проценка, и немање или споро и несоодветно носење на одлука.

Следење на настаните

Еден од најголемите проблеми за военото раководство (во војна и во мир) е перманентно следење на настаните:

- Имплементација на добро воспоставено знаење на тековните проценки
- Поглед кон инднината
- Следење на сите непријатели и
- Никогаш да не се изгуби контакт со настаните.

Секој командир ќе развие CCIR (Commander's Critical Information Requirement – Командантско Побарување на Критички Информации). А J-2/Г-2/А-2 ќе развијат PIR (Priority Intelligence Requirement – Приоритетни Разузнувачки Потреби)

Ова Разузнување е во основа ORBAT (Order of Battle Maintenance – Одржување на Цели во Битката), кое што содржи традиционлани воени информации (поморски, копнени, воздушни, просторни, логистички) и не – воени информации (пролиферација, тероризам, опкружување итн..) рефлектирајќи го широкиот спектар на разузнувачки потреби за НАТО. Овие информации треба да бидат достапни како Основно Разузнување или Моментални Разузнувачки податоци. Тие содржат :

- Разузнувачка проценка
- Мониторирање, Проценка и Предвидувања
- Индикации и Предупредување
- Основно Разузнување
- Моментално Разузнување
- Одржување на Цели во Битката
- Поддршка на други делови од Бојното поле
- Информации за целите

НАТО нациите придонесуваат на ова договорена публикација на податоци од страна на IMS Разузнувачката Дивизија.

Моменталното разузнување е одржувано од страна на командата на НАТО/ CJTF (Command Joint Task Force – Здружена Команда на Силите) употребувајќи ги

националните разузнувачки придонеси или разузнувачки информации собрани од страна на силите на или бликсу до Зоната на Операции (АО – Area of Operations).

Во НАТО, сите процедури за внес на информации се базирани на CCIRM (Collection Coordination Intelligence Requirements Management – Менаџирање на Потребите за Собирање и Кооридинација на Информациите). Традиционално , такво собирање на информации ги вклучува и бројот на тенкови, вооружување, воздухоплови, бродови, инсталации, подготвеност, електронска опрема, технологија, големи вежби, доктрини и прирачници, тренинг, промени во организацијата и квалитетото на трупно водење.

Најважни податоци е знаењето на странските податоци за планирање и мобилизација. Но како и да историјата ни кажува дека собирањето на такви податоци често е безвредно. Денеска, професионалните сили ретко имаат поддршка од резервните структури, и мобилизацијата е бесмислена.

Хибридните војни исто така ги променија приоритетите на собирањето на информации. Разузнувањето, Наблудувањето и Извидувањето е сега насочено кон индивидуи, терористи, фанатици, бунтовници, кланови, мали заедници, социални структури, мали вооружувања и импровизирани експлозивни направи (IED – Improvised Explosive Device).

Планирањето на интервенциите е базирано на политичка и воена анализа. Политичката ситуација во многу случаеви е добро позната, но многу брзо можат да се сменат на драматичен начин, како што е видено досега во Ирак и Авганистан. Интервенциите бараат анализи пред употреба на силите надвор од државата и за

државата во која ќе бидат упатени, на целосната ситуација, социјалната структура и тактичките проблеми.

Во иднина НАТО силите ќе се справуаат со други проблеми, како политички радикали, тероризмот, пролиферација на оружјето за масновно уништување, нови држава-во-држава ривали, етнички тензии, државни банкроти, секашки масовни убивања, сиромаштија, неефективни влади, урбанизација, недостаток на енергија, локални набавки на вода и храна, на крај деградација на природата[39].

Работа на персоналот и Разузнувањето

САД и сојузниците и НАТО силите во Авганистан и Ирак работат во заеднички штабови или имаат персонал за врски или тимови. Здружените штабови побраруваат високо квалификуван Офицерски и Подофицерски кадар. Офицерите на САД и на НАТО се жалат дека разузнувачките податоци не се дристрибуираат на време, причината базирана на хардверот. JFC (Joint Forces Command – Здружената Команда на Силите) и АСТ на НАТО идентификуваа бројни проблеми. Бариери сеуште постојат и тоа:

a) Во самата разузнувачка заедница на САД
b) Помеѓу САД и НАТО разузнувањето
c) Во разузнувачките агенции на Европските држави

[39] Hans Binnendijk, David Gompert, Richard L. Kugler: A New Military Framework for NATO, National Defense University, Fort Leslie McNair, Washington, DC, 2005. See also the political problems between NATO and EU, which would have an effect on intelligence sharing as well: Bernard von Plate: Die Zukunft des transatlantischen Verhältnisses: Mehr als die NATO. SWP-Studie, S 17, Mai 2003, Berlin. For an overview see also: Gunther Hauser: Die NATO – Transformation, Aufgaben, Ziele. Frankfurt am Main: Peter Lang, 2008.

Факт е дека и националните разузнувачки организации не соработуваат добро, како во минатото често глумат „затворени продавници„, односно не сакаат да споделат витални информации кои што ги добиле на тежок начин и ги употребуаат како карта за преговарање на одредени форуми или размена на податоци ако до тоа дојде.

Типичните проблеми со кој што се соочуваат во Ирак и Авганистан обично го вклучуваат разузнувањето, планирањето, информациска безбедност, известување за ситуацијата и известување на напади на времено, документирање на целите, организациони проблеми, разузнувачко планирање и координација на бојното поле, превенција на братоубиство, логистичко и транспортно планирање, мрежна и хардверска интероперабилност и воздушна поддршка. Планирањето на ниво на бригада и баталјони е обично „несреќно планирање“, со малку простор и малку време за планирачите. Под такви услови, важни и нови информации не се дел од носењето на одлуките. Конвенционалното тактичко воздушно извидување е на многу ниско ниво, податоците не се дистрибуирани на време итн. Тактичките податоци мора да се базираат и да бидат врзани за воздушното наблудување.

Тактичкото разузнување несмее да биде базирано само на TECHINT, него мора во себе да сорджи и HUMINT информации базирано на човек-на-човек, процес кој што денеска се нарекува „социјално разузнување„. Во времето кога на разузнувачката заедница на САД и беше кажано да собира податоци исклучиво преку TECHINT средства, НАТО не доби ни една сателитска снимка, сето тоа бидејќи тие информации беа многу „сензитивни“, во денешно време за мала сума на пари може он лине да се купат сателитски снимки со длабочина од 50цм над

земјата за приватни потреби. Често пати размената на податоци помеѓу агенциите не се дозволува поради „сенсибилност„ на податоците. Поради тоа често се јавуваат несакани комуникациски „дупки“ за кои разузнувачките агенции секогаш тврдат дека биле ненамерни или дошло до недоразбирање.

Контра-разузнување

НАТО само по себе нема интегрирано контра-разузнување, но има внатрешна контра-разузнувачка/безбедносна секција, која што врши такви задачи во НАТО инсталациите (Брисел, Монс, Норфолк, Наполи, Брунсум итн) и штабови[40]. Поголемиот дел од контра-разузнувањето се врши на национално ниво а за потребите на НАТО го врши 650та Воено Разузнувачка Група/ Здружени Контра-разузнувачки Активности (US ARMY) во SHAPE. Контра-разузнувачките активности во НАТО се базирани на Националната стратегија за Контра-разузнување на САД, директивата на Министерството за одбрана на САД 5105.67 и ФМ 34-60 Контра-разузнување. Контра-разузнувањето е најмногу поддржано од Агеницјата за Контра-тероризам на САД, која што ги надгледува и менаџира заштитата на Министерството за Одбрана на САД (советува и други држави за такви видови на програми за обезбедување) , која што вклучува клучен персонал, ресурси, критична инфраструктура, критични информации и странска шпиунажа против Министерството за Одбрана на САД и НАТО. САД има многу закони за казнување на акт на шпиунажа, како што се The Espionage Act од 1917 год (амандман во 1950 год), the Internal Security Act од 1950, и the Atomic Act од 1954

[40]C-M (2002) 49 Security within NATO; C-N (2002) 50 Protection Measures for NATO Civil and Military Bodies of Deployed NATO Forces and Installations against Terrorist Threats; Allied Command Operations Force Protection Directive 80-25, 2006 - Functional Planning Guide, Force Protection.

година и сега Patriotic Act. НАТО како меѓународна организација, зависи легално од националните закони на земјите членки и спорведување на правото[41].

IV.3.6 Административно и Процедурално Ниво – Размена на Податоци – Проблеми кој што сеуште не се надминати во НАТО

НАТО разузнувањето е водено од серија на AEDP публикации, ATP-47 (Handbook for Air Reconnaissance Tasking and Reporting – Прирачник за водушно извидување и рапортирање) околу 40 СТАНАГ, C4ISR, C4ISTAR архитектура, процедури за податочни врски, следење на работата на J2, регулативи за мрежно поврзани компјутерски софтвер за ракување со осетливи разузнувачки податоци како што се CRONOS или Поморскиот Ц2 информатички систем.[42]

Администрацијата ја води (според политичко или воено одлучување) , дистрибуцијата на разузнувачките податоци до земјите членки на Партнерството за Мир. Сеуште има проблеми кога се работи за националните разузнувачки агенции, кои што имаат тенденција да ги чуваат информациите „дома“. Главните

[41] According to the *Atomic Act* (1954, PL 585, Sect. 123 and 144) the classifications were: US Citizens Only, No Foreign Government (NOFORN), Specified Countries Only, Dissemination Only with Consent of Originating Agency (ORCON, EO 12958); the document classifications were: Official Use Only, Restricted, Confidential, Secret, Top Secret. According to DoD Directive 5100.55 the classifications were extended to Cosmic Top Secret (CTS). NATO identified its documents by adding "NATO": NATO Top Secret, NATO Secret, NATO Confidential, NATO Restricted. Nuclear documents received the term Atomic Material (ATOMAL). In the U.S. additional restrictions were eliminated in 2004 like: Warning Notice Intelligence Sources or Methods Involved; Warning Notice Sensitive Sources and Methods Involved, Controlled Dissemination Only, NSC Participating Agencies Only, Intelligence Components Only, No Dissemination Abroad, Background Use Only, USIB Only, NFIB Only, and the classification "Limited". The CIA had for a number of years its own classifications system with UMBRA. NOFORN, NOCONTACT, PROPIN and ORCON. See: International Security Handbook, Chapter 10: North Atlantic Treaty Organization (NATO) Security Procedures, Office of the Deputy to the Under Secretary of Defense for Policy Support, Washington, DC, 1993. See also: Walter Pincus: Keeping Secrets: In Presidential Memo, A New Designation for Classifying Information, Washington Post, May 19, p. A 15

[42] NATO owns and operates a number of communication systems or uses national networks like TARE, IVSN, MAXIMA, NIDTS, IDNX, PROMINA, CRONOS, AIFS/AMPS, MCCIS, PAIS, CRESP, ADAMS and Internet. See: Thomas Wirsching: NATO-Fernmelde und Informationssysteme, Soldat und Technik, 8/2000, pp. 493-498.

причини за таквото нивно однесување е персоналот од агенцијата кој смета дека тоа е погрешно, политичка одлука, организациона (правила) одлука, немање доверба или административни проблеми. Но во последните неколку години, НАТО има собрано огромен квантитет на разузнувачки податоци, ракувањето со тавки податоци е сега организирано во одреден број на компјутери и преку соодветна софтверска апликација овластени лица имаат пристап до информациите за кои што се овластени. Ако, и со кого тие информации се делат, е базирано на приципот „треба да знае“, сеуште се работи на пробивање на безбедноста.

Во случајот за пробивање на безбедноста САД има закон кој што лимитира кој до кое ниво има право на заштита, и бидејќи многу регулативи на САД се имплементирани како НАТО регулативи(сето тоа е бидејќи различни стандарди на САД со различни стандарди на НАТО ќе направат проблем во класификацијата на документи и нивната архивизација под иста класификација, на пример документире кој што се класифицирани до доверливо може да се чуваат заклучени во бироа и шкафови со коминации, сите класификации што одат над доверливо се заклучуваат во посебни сефови и заштитени простории со чуварска служба). Постојат посебни договори помеѓу Вашингтон и Лондон, помеѓу Вашингтон и Берлин како и помеѓу САД и НАТО за зачувување на податоци, безбедносна проверка, заштита на информации за одредени вооружувања и опрема. Канцеларијата на НАТО за Безбедност ги подцртува што ќе биде во такви договори за земјите членки на Партнерство за Мир, и во секоја од државите една агенција е одговорна за одржување на договорените стандарди, во случајот со

Р.Македонија тоа е Дирекцијата за Заштита на Класифицирани Информации – ДБКИ, која што преку законот за заштита на класифицирани информации го имплементира договорот со НАТО преку учеството во Партнерството за Мир, во Министерството за Одбрана тоа го врши ВСБиР (Воената Служба за Безбедност и Разузнување).

Размената на податоци стана неопходна во моментот кога НАТО почна со операциите на Балканот особено за време на Operation Allied Force (Операција Здружени Сили) во 1999 година, кога вооружените сили на САД и останати НАТО воздухопловни сили имаа различни листи на цели и разузнувачки проценки. За Вашингтон беше премногу тешко да им објасни на Евроските земји зошто одредени цели треба да бидат бомбардирани. Така да размената на податоци мораше да се случи после војната во 1999. Во Ирак и Авганистан се случи истото, така да мултинационалните единици и персоналот вработен во штабовите кој не беа земји членки на НАТО или не беа со вооружените сили на САД не поседуваа адекватни разузнувачки податоци и разузнувачка опрема како сателитски телефони. Од друга страна пак Разузнувачката заедница на САД се жалеше дека останатие земји членки на НАТО не сакаат да споделуваат витални разузнувачки информации со нив. Многу држави членки на НАТО и Европската Унија одбија да соработуваат со САД и се свртеа на „меки“ решенија.

Понатамошни мерки за заштита на Информациите на членките на НАТО

Разузнувањето во него вклучува и заштита на планови, информации, вооружување, инсталации итн. Прашањето се поставува дали денешниот развој на настани во интернет општеството каде што постојат отворени извори кои што ја загрозуваат националната безбедност на членките на НАТО ќе може да се контролира. Многу сензитивни проблеми се јавуваат како високо – квалитетни слики од воени бази, бродови, тенкви, антени, нуклеарни постројби итн, сега се публицираат во книги и списаниа, или слики кој што можат да се купат од фирми кој поседуваат комерцијални сателити, теливизиските канали емитуваат програми и документарни емисии каде што многу од информациите се „Државна Тајна„, на телевизиски дебати членови на земји членки на НАТО под притисок признаваат случки и даваат доверливи информации без притоа да се свесни дека издаваат тајни, но скоро никогаш не се санкционирани бидејќи тие инфромации се заштитени во матичните држави но не и во странство. Други проблеми настануваат поради грешка/немање безбедносни мерки или едноснтавно таквите информации не се заштитуваат соодветно, како што секој би помислил. Има многу случаеви за такви проблеми. Прост пример е аеро фотографија на нуклеарна подморница од типот OHIO, која што е на суво во воена база поради поправки, случката е од 2007 година и е сликана на суво пристаниште во Бангор, Вашингтон, со пропелерот надвор од вода и целосно истакнат. Пропелерот и самата подморница се „Топ Секрет„ во САД и никогаш не се прикажани на фотографии јавно. Добар експерт може да предпостави според бројот на елиси, должината, нивната ширина, местоположбата на трупот може да ги пресмета

нивната брзина и други карактеристики само со еден поглед на трупот. Прашањето останува зошто на цивилен авион му е дозволено да лета во близина на воено – поморска подморничка база, и зошто екипажот на авионот сликал со високо – резолуциска камера. И како е можно сликите да се публикувани јавно од страна на Микрософт, и како е можно Гугл да не ја блокира сликата веднаш него истата да биде тагирана со местоположбата, времето и местото на настанот. Друг пример на сензитивни инфромации представуваат дислокацијата на трупи, тактички движења, истражување и развој на вооружувањето, воени радарски фрекфенции, локации на места за прислушкување, купување на опрема, јавни дипломатски активности. Овие информации често се одавани од страна на еминентни личности како од одбраната така и од цивилниот сектор. НАТО мора да внимава на издавање на информации во врска со воени интервенции, меѓународни операции и останати планови, национални правила и прописи за одредени ангажмани, национални внатрешни безбедносни правилници, кој што се достапни на интернет портали.[43]

[43] Many cases: The last one involved the New York Times about a secret CIA directive to kill terrorists on foreign soil. See: Eli Lake, Sara A. Carter: CIA asks Justice to probe leaks of secrets, The Washington Times, Sept 4, 2009. See also: Barbara Starr, Peter Benson: Source: CIA hired Blackwater to hunt al Qaeda leaders, CNN.com/US, Aug. 20, 2009; Mark Mazzetti: C.I.A. Had Plan to Assassinate Qaeda Leaders, The New York Times, July 13, 2009. p. A1; Karl Rove: It's Dangerous to Give Congress Information, Fox News, with Bill O`Reilly, July 14, 2009. Seymour Hersh reported that the killing was done by Navy SEALs, CIA, Delta Force etc., a statement that was mostly fabricated. U.S. citizen turned terrorist were in 2009 on the "hit-list" of the CIA

ГЛАВА V

Придонес на военото разузнување за време на мисиите на НАТО во борба против тероризмот;

V.1 Военото разузнување на НАТО во борба против тероризмот ширум светот

Во воените мисии на НАТО на повеќе нивоа се распоредуваат или содржат ќелии за разузнување, безбедност, контраразузнување. Секој контингент кој што е дел од одредена команда има во својот состав ќелија која што е задолжена на национално ниво да ги информира командантите на контингентите и да врши директна подготовка на персоналот во контингентите за ситуацијата во зоната на одговорност како од разузнувача природа така и информации од безбедноста и контраразузнувањето. Пред упатување на мисија се врши колективна подготовка со сите припадници на контингентото и потоа по нивоа, стратешко, оперативно и тактичко ниво. За да можат припадниците и командните структури уште пред самото заминување да имаат јасна слика за земјата во која што се упатуваат, зоната на одоговорност, социјално, економнско- политичката ситуација, непријателски и пријателски сили и сл.

Во склоп на базите постојат мали меѓународни ќелии кои што соработуваат меѓу себе односно вршат вкрстена проверка на ифнормациите и истите ги

доставуват до главната команда одговорна за зоната на операции која што понатаму преку обработка на информациите добиени од сите бази, ги испраќа на понатамошна обработка и анализа во главната база односно во Централниот разузнувачки Центар во главната база односно во командата на силите на таа мисија. Кои што понатаму ги проследуваат до врховната команда на НАТО и сите заинтересирани земји учеснички на мисијата за што побрза подготовка на персоналот од следниот контингент.

Нова можност му се даде на разузнувањето во 2006 година кога Авганистан повторно стана главно жариште на планетата, и Талибанците повторно почнаа да ги напаѓаат НАТО базите и трупите. Сепак после цели 5 години на промени и имплементација имало многу проблеми во разузнувањето, најчесто поради непрецизни процедури, но Ј2/А2/Г2/ЦИА/ДИА и воздушното разузнување/набљудување се обидоа да ги достигнат поставените стандарди па дури и повеќе од тоа. Во исто време беа разузнувачки офицери тие што го критизираа начинот на кој што разузнувањето беше побарано, формализирано, наредено, спроведено, направено и процесуирано. Целата брзина и квалитет беа добиени но беше изгубена главната компонента комуникацијата беше изгубена поради

хиерархијата и политичките пречки и се повеќе и повеќе команди и штабови сакаа да бидат дел од овој процес.

Денеска, многу од разузнувачките рапорти рутински се испраќаат до највисоките команди и највисоки државни органи. Политичкото пресудување пратено од политичкиот императив за „успешност“ и „прогрес“, два збора кој што секогаш фалат и се недостижни но често политичарите го политизираат разузнувањето. Во последно време најмногу се критизираат „HI – TECH“ – Високо – технолошките достигнувања во областа на разузнувањето, како непотребни, обсолетни, и скапи играчки за кои што разузнувањето нема потреба и сето тоа од страна на политичките хиерархии додека носителите на воени одлуки на тактичко ниво имаат такви побарувувања поради хибридните и асиметрични закани кој што се повеќе и повеќе се јавуваат на бојните полиња ширум светот. Разузнувачите, добрите познавачи на начинот на кој што разузнувањето треба да работи, велат дека денешните процедури се дисфункционални, премногу време треба некоја потреба на командантите на тактичко да поминат низ политичкото ниво, премногу е долг филтерот, дури и кога ќе поминат како одлуки опремата или побарувањето веќе не се соодветни со ново настанатата ситуација на теренот.

Разузнувањето бараше подобри опции и САД и неговите тактички команданти почнаа да прават бајпас на пречките користејќи артилерија, тактички летала, UAVs (Unmanned Aerial Vehicle – беспилотни летала) за напад на Талибанските сили во Авганистан и Пакистан кога и да беа идентификувани. Талибаните се адаптираа на комуникација без средства за

комуникација, научија како да ја корситат популацијата за жив штит, наједноставно ја имплементираа идејата на МАО за маскирање со цивилната популација и превземање на предноста на присилена поддршка од локалното население, на тој начин представувајќи ги локалните власти како „марионети на окупаторските сили на западот“.

Командантите на теренот често се жалеа на многу долго чекање кога се побарува воздушно набљудување – разузнување и се жалеа дека некогаш треба и до 3 дена за да се добие повратна информација, знаејќи за големата мобилност на непријателот во планинските делови на Авганистан ситуацијата после 3 дена на теренот нема да е приближно иста како на денот кога информацијата е побарана. Авганистан е војна која се води по процедури слични на тие во Виетнам. За да се добие воздушна поддршка требало да се побара дозвола од Белата куќа, додека во Авганистан целата бирократија оди преку новата стратегија на „против-бунтовничка борба“ која ги лимитира борбените дејствја поради страв од цивилни жртви. Како на времето во Сајгон така и во Кабул владата е корумпирана и не е во можност да се бори за својата територија, што политичката и стратешката ги заменува само со воена и тактичка можност за победа. Проблемот е политички: бомбардирањата на Талибански цели носи многу цивилни жртви што ја ослабува и така веќе слабата централна власт во Авганистан, но ненапаѓањето на Талибаните исто така би ја ослабнала слабата, небезбедна и непопуларна централна власт.

Тука имаме поголема политичка слика: во очите на Пакистан, „демократска„ про западна влада во Авганистан е можен сојузник на Индија,

а Индиските разузнувачки служби работат во внатрешноста на Пакистан употребувајќи одредени кланови да ја поткопаат и така кревката влада во Пакистан. Пакистанската армија има потреба од Талибаните против Индија. Кога Пакистанската влада одеднаш се сврте кон западната идеологија, и одстрани голем број на воени лидери, Талибаните изгубија поддршка и логистика во Пакистан, и побараа нови сојузници во Индија и Кина. Но Кина не поддржува Исламски радикалисти, исто така и Индија, но сепак тука е Иран кој им понуди поддршка и логистика. Но тука се интересите на Пакистан и Кина во прашање, Талибаните се повеќе и повеќе се делат во фракции и поддржуваат едни групи против други и ги менуваат приоритетите и сојузниците заедно со нивните интереси. Ова им помогна на Пакистанските власти да ги заддржат Талибаните на едно место и да им ги одземат „безбедните скривалишта“ во западните и јужните делови на Пакистан, кој што до брзо беа под контрола на Талибаните.

Навистина е за чудење дали популацијата во Авганистан сака да биде спасена од НАТО и Силите на САД.

Разузнувањето треба да се занимава и со такви прашања, но вистина е дека многу Европски влади имаат различни гледишта на развојот на оваа ситуација, и ова е голем удар за НАТО разузнувањето, кое што е формално поделено на (а) „формално“ НАТО гледиште и (б) и гледишта на повеќе држави кои што никогаш не се совпаѓаат.



Слика 5 NATO и Европа се мостови за влез до Еуразиските и Афричките ресурси и проблематични точки

Извор: ***IAS*** **- Institut für Außen- und Sicherheitspolitik Center for Foreign and Defense Policy стр.7 публикација 2016 година**

Многу книги се напишани за разузнувачките агенции и заедници, ЦИА ФБИ, Германското, Француското, Израелскот, Совиетскот/Руското Разузнување , нивните операции, директори, грешки, и сето тоа во нумерозни книги и списаниа, но до ден денеска нема ниедна книга или публикација за НАТО разузнувањето. Многу малку има за НАТО разузнувањето како во публикациите NATO Today или Allied Joint Publications – Заеднички Сојузнички Публикации (AJP-series) или STANAG (standardization agreements – Договор за Стандардизација), во нив само се спомнува како фрагмент или како постоечко нешто, но нема ништо детално во врска со него.[44] Многу луѓе веруваат дека алиансата има многу јака и ефективна Разузнувачка агенција, но вистината е дека нема таква агенција во НАТО. Многу луѓе незнаат дека НАТО има многу активна разузнувачка бранша.

НАТО разузнувањето како што постои денеска е бидејќи беше предвидено дека НАТО силите ќе останат под национална команда, и стратешкото разузнување ќе биде најмногу националното разузнување. Секоја нација по себе самостојно ќе собира „статистички“ податоци за Варшавскиот Пакт и нејзините сили. Оваа проблематика се интезивираше во 80те години кога требаше да се посвети поголемо внимание на Варшавскиот Пакт поради можност за ескалирање, НАТО во тој период превземаше

[44] MC 64/9 NATO Electronic Warfare (EW) Policy; MC 133/3 NATO Operational Planning System; MC 161 NATO Strategic Intelligence Estimate (NSIE); MC 362/1 NATO Rules of Engagement; MC 402/1 NATO Policy of Psychological Operations; MC 411/1 NATO Civil-Military Co-operation Policy; MC 422/1 Information Operations Policy; MC 457 NATO Military Policy on Public Information; MC 472 NATO Military Concept for Defense against Terrorism; C-M (2002) 49 Security within NATO; NATO Crisis Response System Manual (NCRSM); AJP-01 Allied Joint Doctrine; AJP-3 (A) Allied Joint Operations; AJP-3.6 Allied Joint Electronic Warfare Doctrine; AJP 3.10 Allied Joint Doctrine for Information Operations, AJP-5 Allied Joint Doctrine for Operational Planning etc.

огромни маси на податоци од Американските Разузнувачки агенции (најмногу ДИА и воените Г2/А2 гранки), и од други извори како што се владите на Велика Британија, Норвешка, Турција или Германија. Сите останати податоци, како борбено разузнување (тактичко ниво на разузнување) и разузнувачко споделување на податоци, како што западните сојузници правеа за време на Втората Светска Војна – започнуваат со собирање на информации во моментот кога започнува пукањето. Како факт е дека НАТО разузнувањето секогаш било комбинација помеѓу Сојузничко и Национално Разузнување.

Во почетокот на 90те години НАТО започнува секоја недела да ги намалува и да ги испоставува извештаите во врска со Варшавскиот Пакт и Совиетските сили, престанаа дури и да прават проценки за непријателот, бидејќи политички ги сметаа како нешто застарено и како нешто од минатото, мислеа дека Разузнувањето е нешто што останало како поим од Студената војна и дека нема да има потреба од него во иднината бидејќи утописки сметаа дека Русија како нова единка од Советскиот Сојуз ќе прерасне во про западна и демократска држава. Иако разузнувачките експерти даваа црвени светло дека Русија никогаш нема да биде демократска држава и дека треба да се породолжи со мониторирање и следење на нејзината територија и вооружените сили, сепак силните политички лобија беа против продолжување на разузнувачките активности. Но како и секогаш беа во заблуда.

Во самото НАТО, политича поддршка и сојузничко планирање за разузнување ќе дојдат од Меѓународен персонал, Воениот Комитет, и

Меѓународниот воен персонал, но активното разузнување секогаш останува како обврска на SHAPE (Supreme Headquarters Allied Powers Europe – Главна Команда на Сојузничките сили - ЕВРОПА) и нејзината Г2 сега Ј2 дивизија. Но Г2 е само за „примање“ на податоци за бројот на вооружените сили и тактичко технички податоци за Совиетите и Варшавскиот Пакт. За време на студената војна за одбрана на Западна Европа, на НАТО нациите им беа дадени големи сектори за одбрана, кои се движеа од Данска до границата со Швајцарија, само воздушната одбрана беше централизиран, и воздушните сили беа поинтегрирани. Националното разузнување гледаше само во тие сектори.

Само SHAPE и некои високи команди на НАТО беа навистина joint – заеднички. НАТО силите за време на мир беа ретко комбинирани, но имаше и моменти во кои НАТО членките и членките од Партнерството за Мир беа комбинирани во баталјони како во Косово во 1999 и потоа. Како во Германија до 1990 година така и на Косово секоја држава си имаше своја зона на одговорност, некаде бригади и баталјони(меѓународни), но тоа стана реалност за време на војната во Авганистан од 2003 година па и денеска. Причината за тоа беше да се прецизираат и да се видат чисти и лесно видливи зони на карите за кој е каде одговорен и за што. Таквата поделба направи проблеми и тоа се виде на Балканот и повторно се повторува во Авганистан. Но сите сили без разлика дали се под НАТО или команда на САД, или здружени сили, остануваат под влијание на политичка контрола од нациите кои контрибуираат на такви мисии. Причината за тоа се различните легални

толкувања и законски регулативи, проблем за НАТО стандардните процедури и правила за ангажирање и употреба на единиците(ROE – Rules of Engagement), оперативни и тактички процедури, логистика и ротација на силите.

Слика бр. 6 Разузнувањето треба да е подготвено за поголем број на закани и контра мерки, кој што можат да побаруваат многу години на високи инвестиции и ресурси и огромна човечка сила

Извор: ***IAS*** **- Institut für Außen- und Sicherheitspolitik Center for Foreign and Defense Policy стр.9 публикација 2016 година**

Многу е важно како што предходно кажавме дека мора да се направи дистинкција помеѓу НАТО ниво на знаење и национално ниво на знаење:

- За време на Студената Војна НАТО разузнуањето беше основно политичко и воено разузнување плус некои економски анализи за Варшавскиот Пакт

и земјите членки, информациите биле на задоволително ниво. Поради стратешката природа на информациите ако на НАТО и требале по детални информации секогаш побарувале од националните разузнувачки податоци кој биле подетални.

- Нивото на знање на државите членки во врска со разузнувачките податоци биле многу поразлични од денеска, и ова стана многу видливо во времето на распадот на Југославија, многу држави имаа одични информации и познавање на состојбата, додека другите помалку или воопшто. Размената на податоци на тактичко ниво секогаш било проблем.
- Авганистан до 2001 година не беше од интерес на НАТО разузнувањето, ниту пак од национално разузнување на државите членки. Разузнувачката мрежа е развиена во последните неколку години, и сеуште мали се резултатие од политичкото и военото разузнување, и тоа ќе биде така се додека истото не постане „културно разузнување“[45].
- Интернет, ТВ- канали и одлични весници обезбедуваат стратешко разузнување за сите: такви отворени извори на информации се навремени и достапни за сите, политичкото ниво нема многу поразлични и подетални информации, рзузнувачка агенција обично ги мониториараат весниците за да бидат во тек со настаните.

Организационо, НАТО ниво на разузнување е во здружените оперативни структури и служи за политичкиот и за воениот персонал, но исто така ги поддржува потребите и на најниските нивоа на национално одбрамбениот

[45] Grace V. Jean “Culture Maps” Becoming Essential Tools of War, National Defense Magazine, Feb. 2010, http://www.nationaldefensemagazine.org/archive/2010/February.

персонал. Оперативно, националните разузнувачки агенции служат на стратешко ниво како пополнувачи на дупки и се главни актори на тактичко ниво како во Авганистан. Одредени информанции се дирстрибуирани и на НАТО земјите припаднички на Партнерството за Мир, исто така и тие контрибуираат за потребите на земјите членки на НАТО. Ако се обидеме да употребиме политчки жаргон да го објасниме горенаведеното, тогаш НАТО е организација за колективна одбрана, но исто така служи и за кооперативна одбрана како Обединетите Нации. НАТО полека почнува да го шири собирањето на разузнувачки информации во нови делови од светот како Северна Африка, Балканот, Блискиот Исток, Централна Азија, Руската Федерација, Ирак, Авганистан, Сирија, исто така инволвирана е и во против-тероризам, против-бунтовништво, контра-разузнување. Разузнувачките организации кој што работат на собирање на инфромациите се цивилни или воени, или комбинација од двете.

Слика бр. 7 Разузнувачка заедница и местото на НАТО

Извор: ***IAS*** **- Institut für Außen- und Sicherheitspolitik Center for Foreign and Defense Policy стр.10 публикација 2016 година**

Неможе да се каже дека дека проблемите се само воени, бидејќи може да се наведат многу закани за кои треба да се има и цивилна поддршка. Ова го проширува разузнувањето во нови делови од светот и го вмеша НАТО разузнувањето во Косово во Авганистан, Ирак сега и во Сирија, собирајќи информации до ниво на село или кланови, да увидат дури и во локалната криминална сцена, цели за реконструкција, градење на демократија, продажба да дрога и дури однесувањето на локалното население. Многу од старите проблеми на НАТО се тешко надминливи, во 2010 година Началникот на J2 ISAF генерал-мајор Мајкл Флин, излезе јавно и се жалеше дека фалат акциони

податоци кој што ги собираат од трупите и за трупите. Информациите од други извори Националнтата безбедносна Агенција и Централната Разузнувачка Агенција се со многу низок квалитет, а „шпионите„ наместо да собираат информации трчаат наоколу и убиваат бунтовнци и терористи, но не го работат она што треба, и се надвор од допир со Авганистанскиот народ. Разузнувачките активности побаруваат се повеќе и повеќе персонал, а најмногу луѓе со знаење на странски јазици кој што порано беа третирани како „егзотични“ или изумрени јазици.

Разузнувањето е исто така „учи додека работиш“ , разузнувањето ги следи научените лекции и добро воспоставени процедури за работа. Има потреба да се оддржи здрава база на податоци за понатамошно користење и да се прошири во нови делови од светот. Разузнувањето треба и историчари како експерти за да можат да го објаснат минатото и да ги разберат сегашните збиднувања во светот.



Слика бр. 8 Преглед на главни извори на разузнувачки податоци

Извор: ***IAS*** **- Institut für Außen- und Sicherheitspolitik Center for Foreign and Defense Policy стр.11 публикација 2016 година**

Друг проблем кој го има НАТО деновиве е квалификуван разузнувачки персонал. Пример е пропуст при легитимирање и препознавање на лицето Умар Фарук Абдулмуталлаб, и покрај многуте предупредувања, и неговото качување на Делта авионите на Божиќ 2009 година за Детроит и фактот дека имал само едно лице кое му дало поддршка на аеродромот во Амстердам, Холандија не се гледа како организационен проблем на разузнувањето и контраразузнувањето на САД, туку на луѓето кој што се најмени за индетификација на закани, секако и експертите можат да направат грешки.

Поради оваа грешка веднаш е извршена корекција и пуштен е NITPA (National Threat Identification and Priorization Assessment) , систем за дупла проверка и меѓу проверка на податоци од сите агенции. Фароук имал предност бидејќи неговото име било погрешно спелувано на компјутерот во Амбасадата на САД во Абуџа кога татко му ја предупредил амбасадата. На 20 Ноември истата година неговото име било пратено со ВИПЕР порака до Националниот противтерористички Центар (NCTC – National Counterterrorism Center) . ЦИА го ставила точното име на Фароук во TIDE(Terrorist Identities Datamark Environment) документ кој што содржи 440.000 имиња, но тој веќе бил во Јемен. ФБИ го проверило преку својот Terrorist Screening Center, но во Нигерија грешното име поминало без сомнежи и од 2008 година тој имал 2 годишна виза за престој во САД а неговото име не било поврзано со тоа кое што било на терористичката листа, проблемот не завршува тука повратната информација до центарот па противтероризам не бил пренесен до Стејт Департментот па на тој начин останал без корекција и не бил осомничен.

Во последните 10 години НАТО активно собира информации преку Национални Разузнувачки Келии (NIC – National Intelligence Cell), секој контингент без разлика на бројноста во својата организациона целина има келија која што во својата целаина има офицер за разузнување, контра – разузнување и безбедност на трупите. Истите акитвно соработуваат со сите останати NIC во базите на НАТО ширум зоните во кои што нивните трупи вршат операции, исто така соработуваат и со останати разузнувачки агенции и групации во зоната на операции, како и со националните разузнувачки

агенции на земјата домаќин. Нивнатта работа оди од стратешко ниво па се до практичниот дел – тактичкото ниво. Преку секојдневни брифинзи на персоналот пред мисија, за време на мисијата и после мисијата. Значи се вршат брифинзи за подготовка и дебрифинзи после извршена операција на теренот. На тој начин во реално време секојдневно пристигнуваат потадоци за зоната на операции, интеракција со локалното население носи HUMIT информации, интеракција со локалните воени и полициски безбедносни служби носи оперативни информации за следните случувања во државата итн..

ЗАКЛУЧОК

Динамиката на 21 век со себе донесе и промени во разузнувачкиот свет, како што светот се менува така и приоритетите на Разузнувачкиот свет се менува, од интереси за социалните промени до војни, денеска разузнувачкиот свет се еволуира и се подлабоко продира во приватноста на секој граѓанин во светот. Лимитите на Разузнувачките системи беше лимитиран на одреден вид или број на податоци, сега тие системи се толку комплексни да за нивно функционирање се најмуваат цели армии со луѓе само за нивно оддржување. Старата HUMIT мрежа станува се поголема и поголема, бројот на информации кој што се содаваат на годиншно ниво е да се напишат 80.000 книги од 200 до 300 странци (разузнувачки податоци со кој што располага Разузнувачката заедница на САД на годишно ниво). Еволуцијата е и на техничко ниво, додека до вчера се користеле луѓе за сликање и снимање, денеска за таа намена се користат дронови од 50 до 1000 долари вредност со високо резолуциски камери, микрофони па дури и со инфрацрвени капацитети со поголем маневар (висина, длабина, ширина, автономија на лет), можност во исто време да снима зграда (во неа, надвор од неа, над неа), околното окружување, нешто за кое што до вчера требаше да се користат шпиунски авиони неколку тима на земја. Се повеќе и повеќе „тајните“ стануваат подостапни, има повеќе јавни „тајни“ одколку „државни тајни“. Со зголемените технолошки достигнувања сето тоа што до вчера беше невозможно, далечно и тешко достапно, сега е можно, блиску и лесно достапно, примери се откривањето од страна на Едвард Сноуден – вработен како компјутерски гениј во Разузнувачките капацитети на Воената Морнарица на САД, кој што ја откри

„болната“ вистина за потенцијалот и моќта на денешните разузнувачки системи и нивната неограничена, можност односно шпиунирањето и следење на сопствените сојузници до најниските ешалони на власта поради немање доверба во нивните капацитети. Директно мешање во кампањата за избор на претседател на најмоќната држава во светот САД, се само мал дел од се поголемиот развој на разузнувањето. Има голем број на примери за развојот на военото разузнување. И истото е во секојднева еволуција, што иднината ќе донесе понатаму наше е да следиме и да дадеме проекции за идни настани.

ЛИТЕРАТУРА

1. **КОТОВЧЕВСКИ,Митко. Разузнувачата заедница на САД: пред и после 11-ти септември 2001 година/Митко Котовчевски – Скопје 2006**
2. **КОТОВЧЕВСКИ,Митко. Основи на разузнувањето/Митко Котовчевски – Скопје : Филозофски факултет – Скопје 2013**
3. **Дојчиновски Методија. Разузнувачки операции и асиметрични закани/Методија Дојчиновски.Фердинанд Оцаков.-Скопје: Соларис Принт, 2010**
4. **Дојчиновски Методија. Современо воено разузнување/Методија Дојчиновски.-Скопје: Соларис Принт, 2019**
5. **КОТОВЧЕВСКИ Митко. Англиско – Македонски речник на разузнувачката и контраразузнувачката терминологија/Митко Котовчевски, Благица Котовчевска= English – Macedonian dictionary of intelligence and counterintelligence terminology/ Mitko Kotovchevski, Blagica Kotovchevska. – Скопје: Филозофски Факултет, 2013.**
6. **КОТОВЧЕВСКИ Митко. Тајни Служби/ Митко Котовчевск. – Скопје : Македонска цивилизација, 2000**
7. **КОТОВЧЕВСКИ Митко. Разузнувачко Безбедносна заедница на државите во Југоисточна Европа/ Митко Котовчевск. – Скопје: Филозофски Факултет, 2008**
8. **Polmar, Norman and Thomas B. Allen. *Spy Book: The Encyclopedia of Espionage*. 2d ed. New York: Random House, 2004.**
9. **Constantinides, George C. *Intelligence and Espionage: An Analytical Bibliography*. Boulder, CO: Westview, 1983**
10. **NATO Intelligence Sharing in the 21st Century, Columbia School of International and Public Affairs Capstone Research Project, Spring 2013**
11. **Open Source Intelligence : Professional Handbook, DIA – Join Military Ingelligence Training Center, 1996**
12. **Современ тероризам./Митко Котовчевски.-Скопје: Македонска цивилизација, 2002 год**
13. **Борба против тероризмот./Митко Котовчевски.-Скопје: Македонска цивилизација, 2004 год**

14. **Разузнувачките служби во борба против тероризмот и организираното криминал/ Фрединанд Оџаков.-Скопје: Соларис Принт, 2010 год**
15. **Разузнувачката заедница на САД/ Џефри Т.Ричелсон; - Скопје,2009 год**
16. **Моќта на разузнувањето во мир и во војна/ Мајкл Херман; - Скопје, Академски печат 2009 год.**
17. **Козарев А., Парламентарна контрола и надзор над безбедносниот сектор во Република Македонија, Скопје, 2011 година,**
18. **Keegan, John. 2003. Intelligence in War. New York: Knopf. ISBN 0375400532**
19. **John G. Heidenrich: The State of Strategic Intelligence. CSI, CIA Home Library, June 8, 2008, 24 pages**
20. **The Blueprint for the U.S. National Intelligence Strategy, Sept. 16, 2009**
21. **Kris Osborn; NATO Seeks To Link Members` Blue-Force Tracking, Defense News, Aug 4, 2008**
22. **The Military's Role in Nation Building: Peace and Stability Operations Redefined. U.S. Army War College, Carlisle, PA, March 2006.**
23. **FM 3-24, Counterinsurgency, Department of the Army, Washington, DC, 2006.**
24. **Kris Osborn: U.S. Army Taps Cultural Intelligence, Defense News, April 7, 2008**
25. ***IAS* - Institut für Außen- und Sicherheitspolitik Center for Foreign and Defense Policy, publication 2016**
26. **Hans Binnendijk, David Gompert, Richard L. Kugler: A New Military Framework for NATO, National Defense University, Fort Leslie McNair, Washington, DC, 2005**
27. **C-M (2002) 49 Security within NATO; C-N (2002) 50 Protection Measures for NATO Civil and Military Bodies of Deployed NATO Forces and Installations against Terrorist Threats**
28. **Allied Command Operations Force Protection Directive 80-25, 2006 - Functional Planning Guide, Force Protection**
29. **Thomas Wirsching: NATO-Fernmelde und Informationssysteme, Soldat und Technik, 8/2000**
30. **http://www.nationaldefensemagazine.org/archive/2010/February.**
31. **http://fas.org/irp/index.html**
32. **http://fas.org/irp/doddir/army/fm2-22-3.pdf**
33. **http://fas.org/irp/doddir/army/**
34. **http://www.bits.de/NRANEU/others/amd-us-archive/fm2-0(04).pdf**

35. **http://www.und.nodak.edu/org/crypto/crypto/army.field.manual/fm34-54.pdf**
36. **http://www.nickyhager.info/category/military/**
37. **http://fas.org/irp/dni/educing.pdf**
38. **https://www.unodc.org/documents/organized-crime/Law-Enforcement/Criminal_Intelligence_for_Analysts.pdf**
39. **http://www.oss.net/dynamaster/file_archive/080807/a3127ddeaa9a083affdddce6766401fc/Open%20Source%20Intelligence_Professional%20Handbook.pdf**
40. **http://www.encyclopedia.com/doc/1G2-3403300336.html**
41. **http://www.globalsecurity.org/military/index.html**
42. **http://www.afcea.org/content/?q=taxonomy/term/5365**
43. **http://intellit.muskingum.edu/milintel_folder/midia_folder/midia00s.html**
44. **http://intelligence-history.org/**
45. **https://www.globalsecurity.org/intell/world/germany/bnd.htm**
46. **https://www.mi5.gov.uk/people-and-organisation**
47. **https://www.mi6.gov.uk/our-mission.html**
48. **http://www.bnd.bund.de/EN/About_us/Operational_Structure/GU/gu_node.html**
49. **http://www.defense.gouv.fr/english/dgse**
50. **http://www.sicurezzanazionale.gov.it/sisr.nsf/chi-siamo/organizzazione.html**
51. **https://fas.org/irp/world/russia/gru/org.htm**
52. **China reorients strategic military intelligence, *http://magazines.ihs.com/***